**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Шестото продложение на Деведесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 17 јуни 2005 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 14,05 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше претседателот на Собранието на Република Македонија, господинот Љупчо Јордановски.

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа по 99-та седница на Собранието на Република Македонија .

Пратениците Ангелка Пеева-Лауренчиќ, Андреј Жерновски, Весна Борозан, Каролина Ристова, Невџет Мустафа, Есад Рахиќ, Ќенан Хасипи, Славе Арсовски, Ванчо Георгиев, Зоран Крстевски, Ана Андова, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Сашко Кедев, Петар Наумовски, Ганка Самоиловска-Цветанова, Абдулаким Адеми, Али Ахмети, Ванчо Георгиевски, Љубчо Георгиевски, Марјан Ѓорчев, Љубисав Иванов-Ѕинго ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**На 28-та точка сме-Предлог за донесување на закон за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните.**

Претресот е заклучен.

Молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата и ги повикувам пратениците да влезат во салата.

(службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

(Во салата влегуваат пратеници)

Ја молам и опозицијата да влезе во салата.

Значи, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Прво, Собранието на Република Македонија го усвојува предлогот за донесување на закон за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните.

Второ, Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните при што ќе ги има предвид предлозите и мислењата содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

Трето, овој заклучок заедно со извештаите на работните тела, како и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за правда.

Предложениот заклучок го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Ве молам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, 54 за, нема воздржан, три против, а во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точката 29 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на јавно претпријатие Македонска Радио Телевизија, со предлог на закон.**

Предлагачи се пратениците Абдулади Вејсели и Исмет Рамадани.

Предлогот за донесување на законот со предлогот на законот, како и дописот на ЗПК и Мислењето на Владата ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор.

Има збор пратеникот Абдулади Вејсели.

**Абдулади Вејсели:** Благодарам почитуван претседател на Парламентот, почитувани колеги и колешки.

Денес пред Паламентот сме предложиле изменување и дополнување на Законот за основање на јавно претпријатие Македонска Радио Телевизија со Предлог закон поради многуте пречки кои што се за граѓаните на Република Македонија, кои што не можат да ги следат седниците така како што предвидува Уставот на Република Македонија.

Значи, законот за кој што говорам, кој што го предлагаме за изменување и дополнување им е поделен на сите пратеници и сигурно секој имајќи предвид за да може да направи споредба со Уставот на Република Македонија, посебно со амандманот 5 и Законот за основање на МРТВ, како и измените што се направени на истиот Закон пред некое време јасно се гледа дека дел од граѓаните на Република Македонија им се скратува правото да го употребуваат својот мајчин јази односно да ги слушаат претставниците на овој Парламент на нивниот мајчин јазик.

Јас слободно можам да кажам дека албанскиот јазик се говори само да се слушне и меѓу себе да комуницираат пратениците Албанци за да се ислушаат едни со други, додека тие што ние ги претставуваме во овој парламент се принудени да слушаат на друг јазик доколку немаат технички услови така како што предвидува МРТВ со дуалните системи, стереотелевизор итн.

Сме направиле еден обид и сме дошле до заклучок дека многу малку граѓани, мал процент кој што има стереотелевизори и дуален систем, и доколку било така и доколку има право, механичко право да може да се слушне гласот на нивните претставници на албански јазик им се скратува Уставното право за употреба на албанскиот јазик.

Амандманот 5 од Уставот на Република Македонија уредува во Република Македонија

службен јазик да биде македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, додека во меѓународната комуникација службен јазик е македонскиот јазик.

Но амандманот 5 ја уредува и употребата на јазик кој што се говори повеќе од 20% од општиот број на населението, а тоа е албанскиот јазик.

Имајќи предвид како се донесуваат законите во Парламентот, не се предвидува употребата на јазикот во многу сегменти, многу закони кои што се донесени во овој Парламент тогаш нас не поставува пред една голема дилема-дали албанскиот јазик е службен јазик во Република Македонија.

Во оваа насока има големи спротивности во однос на тоа кој како го чита Уставот, односно амандманот 5.

Доколку ги прашаме Албанците во Република Македонија тогаш со полно право повикувајќи се и на правна основа Албанците сметаат дека албанскиот јазик во Република Македонија е службен јазик, но доколку се соочиш и разменуваш мислења и аргументи со разни Македонски стручњаци тие велат дека албанскиот јазик нема ниво на службен јазик во Република Македонија.

Значи суштината на овој проблем кој што ние денес треба да го расправаме и кој што ќе отвори многу други дилеми во многу други закони е дека Уставот на Република Македонија дали се чита на улатерален начин од македонскиот политички камп и од албанскиот политички канп. Вистината е дека секој го чита амандманот 5 од Уставот или општо Уставот така како што сака тој, или така како што му се допаѓа гледајќи од негов аспект каков треба амандманот да изгледа.

Во оваа насока во насока во неколку поранешни расправи на некои седници имавме реакции од страна на граѓаните албанци дека тие не можат да ги слушаат своите претставници на нивнниот мајчин јазик кога тие се јавуваат на говорницата на Парламентот и во работните тела на Парламентот. Сите сте сведоци дека ние можеме да говориме албански и во овој момент кога јас говорам на оваа говорница албански мене можат да ме слушаат и да ме разберат само пратениците албанци, додека на телевизиската програма доколку излезете надвор ќе видите дека тоа се преведува на друг јазик. Затоа јас мислам дека не е во ред на овој начин да се скратува правото на уптреба на јазикот на една етничка заедница која што ги исполнува условите и според Уставот на Република Македонија . Затоа, јас имајќи ги предвид сите овие активности во рамките на Парламентот и колегата Исмет Рамадани постигнавме да предложиме до Парламентот измени и дополнувања на соодветниот закон, Законот за основање на МРТВ, каде освен македонскиот јазик седниците на Парламентот и работните тела на Парламентот ќе можат да се следат и на албански јазик од причина што тоа е едно уставно право загарантирано со Уставот на Република Македонија.

Последните денови имавме поширока расправа за тоа дали Законот за употреба на јазикот е дел од Охридскиот рамковен договор, или не е. Политички партии во зависност во нивната провинциенција и политчка и етничка излегуваат со спротивни ставови дека е дел од Охридскиот рамковен договор или не.

Во Охрид се договоривме албанскиот јазик да биде службен јазик во Република Македонија. Дали во секој закон посебно ќе биде регулирана употребата на албанскиот јазик во Република Македонија, или ќе се донесе еден општ, генерален закон за употребата на јазикот е прашање на договор кој што ќе го направиме ние како политички партии во Парламентот. На почетокот на оваа Влада се договоривме и во акциониот план на оваа Влада стои дека треба да се изготви еден генерален закон кој што ќе го регулира употребувањето на албанскиот јазик во Република Македонија за да не одиме посебно во секој сегмент да го регулираме ова прашање. Меѓутоа иако имаше усен договор и тој договор почна да се практикува во Парламентот на Републиката на седниците на Парламентот кога говорат пратеници на другите етнички заедници, тие што имаат право да го употребуваат нивниот јазик, значи нивниот јазик е службен јазик во Република Македонија се емитуваат директно до нивните избирачи до гласачите на албански јазик.

Сега, со изменувањето на каналите, како се основа и третиот канал, или третата телевизиска мрежа се направи така да се емитуваат само парламентарните седници се измени регулативата на усниот договор во Парламентот и сега седниците на Парламентот и на работните тела на Парламентот одат само на македонски јазик со преводи, не сакам да ги обвинувам тие што се ангажирани како преведувачи, меѓутоа треба да знаете дека нашите избирачи од нас бараат нашите дискусии да одат директно на нивниот мајчин јазик без да се преведуваат, бидејќи ова е наше право и уставно право. Доколку некој друг има други коментари со кои што сака да демантира и да спори дека во Македонија освен македонскиот јазик како службен јазик  е и албанскиот јазик, меѓутоа не е подржано во Уставот на Република Македонија. Затоа доколку сме ангажирани за да владее правото во Република Македонија, доколку сме се определиле за манувањата што сме ги направиле во Уставот на Република Македонија тогаш треба да се изнајде начин говорите и дискусиите на албанските пратеници во Парламентот, на седниците на Парламентот и работните тела на Парламентот да бидат на природен начин, на нивниот мајчин јазик проследени до албанскиот гласач.

На крајот на краиштата ова е нивно барање и тоа не само барање, туку е легитимно барање затоа што има подршка во Уставот на државата. Сум разговарал и со директорката на МРТВ и секогаш оправдувањето за ова прашање го бара во тоа

дека нема доволно финансиски средства за да се направи посебна програма пратениците албанци говорите на парламентарните седници, на работните тела на Парламентот да можат да се проследат и на албански јазик.

До кога ќе трпат албанците поради дефицитот во Буџетот на Република Македонија? Ние сме се определиле граѓаните на Република Македонија без оглед на нивната етничка припадност, верска припадност и национална да бидат рамноправни во оваа држава. Доколку на некој му се даде право дискусиите да им се пренесуваат на нивниот мајчин јазик зошто на еден дел од граѓаните на Република Македонија им се спори ова право кое што е гарантирано со сите позитивни закони и уставни закони во Република Македонија. Тука се работи за една потполна нерамноправност меѓу граѓаните на Република Македонија. Еден дел од граѓаните може да говори на неговиот мајчин јазик, додека друг дел може да говори на својот мајчин јазик овде во Парламентот, меѓутоа тој што го избрал претставникот во Парламентот не може него да го слуша на својот мајчин јазик, туку неговата дискусија се преведува на македонски јазик.

Сигурно е дека овде ќе има аргументи од типот технички е регулирано со третиот канал, тоа го има регулирано МРТВ, избирачите на претставниците албанци, а Албанците во Република Македонија можат со дуален систем, со стереотелевизори да ги слушаат своите претставници на мајчин јазик. Зошто да се принудуваат Албанците да купуваат стереотелевизори. Ве молам, тоа е техничко прашање, тоа не е правно прашање, политичко прашање. Во прв ред сме се договориле политички во Македонија да има два службњени јазика. Сме се согласиле правно, со измените на Уставот службениот јазик да има правна подршка во самиот Устав и сега ние си земаме за право да им оспориме на албанците нивните претставници да ги слушаат на својот мајчин јазик, директно, непосредно да го слушаат својот мајчин јазик.

Затоа мислам дека во оваа насока треба да се подржи предлогот за изменување и дополнување на Законот за основање на јавното претпријатие МРТВ за да се отвори уште еден канал во рамките на третата мрежа и да се направат обиди за пренесување на парламентарните седници директно до увото на нашите гласачи на нивниот мајчин јазик.

Никогаш нема да ги прифатам како аргументи или факти, тие кога некој ќе се оправда со тоа дека, да, вие имате право, меѓутоа, во прашање се финансиски работи и не може да се реализира вашата идеа. Има можност да се изнајдат средства и да се почитува Уставот кој што самите сме го усвоиле во овој Парламент. Често пати ни е речено дека вие, албанските политички партии, не го почитувате Уставот. Еве во овој случај, ви кажувам дека го почитувам Уставот, меѓутоа не ни го спорете уставното право да го користиме нашиот мајчин јазик и на Парламентарните седници и на другите работни тела. Немојте лошо да ме разберете, јас го користам мојот мајчин јазик, меѓутоа тој што ме избрал и што ме донел овде во Парламентот не ме слуша на неговиот мајчин јазик. И, сега, има забелешки и уште поголеми забелешки до нас пратениците, токму кај мене, а сигурно и другите ќе говорат во нивно име, подобро е да говорите македонски, отколку албански со такви преводи. Па, зошто беше нашиот политички ангажман во овие 2,5 години, па и Охридскиот договор, потоа измената на Уставот, ние да говориме во Парламентот на македонски јазик? Ние, тоа е наше уставно право да говориме на албански јазик и треба да ни се гарантира тоа право и да се создадат механизми, за да се следат парламентарните седници и работните тела на Парламентот на нашиот мајчин јазик и до нашиот гласач, до нашиот избирач, до граѓанинот воопшто во Република Македонија.

Затоа, мислам дека треба да се направат максимални обиди ова прашање да се реализира, од причини што имавме еден краток период кога можеби тоа беше некоја мала измама, за да можат да се следат седниците на Парламентот и на мајчиниот јазик, значи, албански јазик, меѓутоа, еве, во овој случај повторно ни се оствари тоа право, но тоа беше право од еден усмен договор склучен меѓу лидерите на партиите во коалиција, меѓутоа, тоа не беше регулирано со закон.

Затоа, јас секогаш ги поддржувам тие прашања кои не тангираат нас и кои што се уставно право и треба да се санкционираат или да се регулираат со закон. Затоа што, ние не треба да зависиме од партнерите во коалицијата, разните коалиции кои што ќе дојдат ако не денес, утре, дали ќе може да го употребуваме јазикот или не. Затоа, најдобриот начин за имање на почит кон сите граѓани во Република Македонија, без оглед на нивната етничка припадност и верска припадност, треба да се прифати овој Предлог-закон и финансиските средства има можност да се изнајдат, а каде ќе се изнајдат само да се направи една поголема контрола од Владата за тендерот што ги објави и сигурно финансиските средства брзо ќе се најдат. Затоа, треба да направиме обиди. Не е проблемот во финансиските средства, за да се спори правото на некому да може да го употребува својот мајчин јазик, говорам за оние кои што ни ги претставуваме денес овде во Парламентот, да го слушаат својот Парламент на својот мајчин јазик. Секогаш говорам дека треба да се почитува Уставот на Република Македонија и сите граѓани во Република Македонија да бидат рамноправни во оваа сфера. Затоа, мислам дека оние кои што ќе бидат конструктивни во оваа расправа, ќе треба да поддржат овој наш предлог и мислам дека конструктивноста ќе покаже дека во Македонија сме за многу етничка Македонија, многу јазична Македонија, многу културна Македонија, каде сите ќе го изнајдеме своето место и еден ден заедно да се интегрираме во ЕУ и во структурите на НАТО.

Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Вејсели.

Господине Рустеми имате реплика.

**Ејуп Рустеми:** Ви благодарам господине пртседател.

Јас целосно се согласувам со дел од говорот на господинот Абдулади Вејсели, каде вели дека албанскиот јазик е службен јазик и тука немаме воопшто дилеми. Но, проблемот е во тоа што врз основа на Законот кој што сте го поднеле е пракса и ова се практикува во каналот на Македонскиот Парламент. Според овој закон вие предлагате паралелно во третиот канал да одиме и на албански и на македонски јазик, што е и пракса. Инаку, ова е еден дуален систем и јас не знам на каков поинаков начин може да имаме едно решение, што значи во еден телевизиски канал да имаме паралелно и на едниот и на другиот службен јазик, едно такво нешто остварено сега во овие моменти. Вие не говорите за да имаме плус друг канал, туку велите на истиот канал да одат паралелно двата јазици и паралелно двата јазици одат и ден денес. Значи, таму каде што има можност, ова не е пракса само во Република Македонија, туку е пракса и во многу признати европски земји, каде што не само на два јазици, туку одат и на повеќе јазици, избирајќи го јазикот кој сака да го избере гледачот.

Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Вејсели, имате една минута реплика.

**Абдулади Вејсели:** Му заблагодарувам на господинот Ејуп Рустеми за поддршката во однос на Предлог - законот, кој сме го поднеле и ние предлагаме парламентарните седници и работните тела на Парламентот, кои се пренесуваат на македонски јазик, покрај нивниот пренос на македонски јазик, бараме да се пренесуваат и на албански јазик. Ова е наше барање со овој закон. Доколку вие имате и се оправдувате со дуалниот систем во ЕУ и внимавајте дека граѓаните од Република Македонија односно граѓаните ги немаат стандардите од Германија, Данска, Норвешка, Велика Британија, за да имаат стереотелевизори и дуален систем.

**Љупчо Јордановски:** Добро, ние имавме минатиот пат една таква расправа и јас му кажувам на господинот Вејсели што тоа значи, но нема да коментирам понатаму.

Господине Мавровски имате збор.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе,

Почитувани колеги, пред нас е Предлог-законот за донесување и изменување и дополнување на Законот за основање на Јавното Претпријатие Македонска Радио-телевизија со Предлог на закон. Тоа е еден подолг закон во самиот наслов, кој што многу малку доаѓа до формирањето, основањето и она што значи дополнување на законот за основање на МРТВ. Но, тука имаме еден повеќе технички проблем, отколку ова што господинот Вејсели се обиде да ни го објасни. Јас и вчерашното говорење по законот за референдуми и денес со овој Предлог закон и утре со Законот за истакнување на знамиња и претходно со законот за тетовскиот универзитет, некој си зема за право за се што ќе се случува да се повиккува на Охридскиот договор. Охридскиот договор и членот 5 многу јасно кажува и ако го читам добро, пред мене е Уставот на Република Македонија, на целата територија на Република Македонија и во нејзините меѓународни односи, службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, друг јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и исто така е службен јазик и неговото писмо, како што е определено со овој член. И, тоа господине Вејсели, апсолутно никој не ви го спори, ниту би ви го зел, дека вие не можете тука за граѓаните кои ве избрале да говорите на својот мајчин јазик. За разлика од некои колеги пратеници кои исто така ги избрале тука граѓани на Република Македонија и кои не можат да се обратат на својот мајчин јазик. И самите бевте сведоци кога некој од нив се обиде да проговори на турски јазик, тука имаме луѓе кои се од српска националност, влашки и не знам уште кои се, не ќе посака утре да го направи сето тоа. И, сега, заборавате една многу важна работа во работењето на МРТВ, која е сепак телевизија на сите граѓани на Република Македонија, вклучувајќи ги и македонците.

Во овој момент вие го имате вториот канал на македонската телевизија, во која што од почеток до крај се говори на јазиците на националностите во Република Македонија и на етничките заедници или на оние што имаат различно етничко потекло, за разллика од македонците. Сега, јас ќе ве запрашам нешто друго, каде е моето право, пошто се повикувам на амандманот 5, на целата територија во Република Македонија и нејзините меѓународни односи, службен јазик е македонскиот јазик. Вие, господине Вејсели си го имате тоа право на вториот канал на МРТВ, да имате говорна емисија во која што вие и вашите колеги ќе говорите повеќе од 2 часа и јас нема да разберам ништо од тоа што вие го говорите, а верувајте ми дека сакам да знам што говорите. И, сега што се случува? Зошто на вториот канал да нема превод на македонски јазик. Зошто ние да не знаеме што вие говорите и за што вие се залагате. Која е разликата меѓу вас и нас? Ние го добивме третиот канал како собраниски канал, јас го прашувам претседателот, затоа што многу празна програма, многу нерегулирана програма во тој трет канал, каде што случајно, инцидентно може да се погоди некој и да следи некоја од комисиите или што кажувате дуални системи и стереотелевизори немаат ни македонците. За жал, се случува и голем дел на територијата, можеби 10% да не е и покриена со македонската телевизија. Тоа се технички проблеми и тука треба Македонската телевизија и ова што како заклучоци ги носевме на ова Собрание да ја

помогнеме финансиски да почне да работи за да може да дојде во една ситуација да биде конкурентна на останатите приватни телевизии во Република Македонија и да можеме сите да добиеме програма што ја сакаме. Јас сега ќе ви кажам од мој аспект и од аспект на македонските граѓани. Значи, втората програма е комплетна за оние што не го говорат македонскиот јазик и многу повеќе од неа, можеби 70% на албански јазик, тоа е првото. Второ, третиот канал колку го гледалте вие, толку го гледаат нашите, со тоа што се усвои како трет канал и мислам дека и интересот кај граѓаните е паднат и многу малку може да се гледа. Можеби ќе се избориме да не гледаат, можеби не, но тоа е прашање кое што ќе го кажат и ќе го одговорат граѓаните на Република Македонија. И она најстрашното, првата програма на Македонската телевизија, освен емисијата Вести, која што се повторува некоку пати и која верувајте ми од 14 до 22 часот има многу мали разлики или ги нема никакви, вие можете да гледате евтини шпански, португалски, колумбиски и незнам какви серии, кои што голем дел од граѓаните ги гледаат, да слушате песни од англиското говорно подрачје, и она што е македонски јазик на Македонската телевизија, можете да го заборавите. Можеби е 20%, а може да не е ни толку. И, сега што? Да ве запрашам вас, дали третиот канал, останатиот дел кога не се емитува програма од Парламентот, треба да биде комплетно на македонски јазик, за барем нешто од тие програми кои што треба да ги емитува македонската телевизија, да задоволат одреден дел од гледачите. Но, таква работа нема. Значи, мојата ситуација, ова што јас ви го кажувам, дали тоа дуалниот систем и стереосистемот е проблемот ние и некој од нас тоа го гледа или не го гледа, тоа е проблем на сите граѓани на Република Македонија. За мене е многу симптоматично и покрај тоа што сите се зафативме и се заложивме дека треба да ја санираме состојбата во МРТВ чии основачи сме ние, таква работа и по последниот извештај и она што можевме да го видиме од финансискиот извештај и работењето во последните години, повторно доаѓаме во ситуација МРТВ да работи со загуба и тоа загуба од некаде 100 милиони денари, повторно наплатата и покрај тоа што добивавме големи информации од Електростопанство на Македонија дека наплатата се движи на границата некаде до 90%,наплатата беше зголемена само за 2,1%, за жал. Значи повторно ги нема средствата и повторно нема пари. Основното што МРТВ треба да го постигне да се приближи до светските системи кои што емитуваат програма и кои што се национални телевизии. Таква работа, господа, сеуште немаме. Вие се повикувате на членот 5 на Охридскиот договор и тоа току едноставно го кажувате што ние сега, ако не го прифатиме ова, ќе дојдеме во ситуација, она што вчера ни го кажа координаторот на СДСМ дека ние не се придржуваме до имплементацијата до Охридскиот договор и ако ова не го усвоиме, сме подалеку и од ЕУ и од НАТО структурите. Ако ова го правиме за секој закон што вие сакате да го поминете, како охридски договор или во овој амандман 5, тука апсолутно не го гледам никаде, за жал, а можеби како што рековте различно гледаме, и сигурно дека различно гледме, но во секој случај ова апсолутно според мене нема никаква врска со Охридскиот договор, како што немаше врска ниту Тетовскиот универзитет за кој што почнавме тука да спориме, почна од Охридскиот договор, заврши со Ректорската управа и нивните размислувања и така помина и тој закон. Проблемите допрва доаѓаат исто со локалнта самоуправа, исто сега ќе биде и со знамињата и ние ќе се повикуваме на членот 5, на членот 7, се она што е поминато со амандмани во тој Устав и се ќе биде регуларно за вас, а за мене е тотално нерегуларно. И, еден ден повторно со закон овие ќе бидат променети, што е многу нормално. Сега, вие да им кажувате на вашите граѓани дека некој не можел да ве слуша на албански јазик, мислам дека тоа е нонсенс. Вие три години говорите овде на албански јазик, цело време без никакви забрани, без никакви ограничувања и тука апсолутно тоа е ваше право, кое што вие го имате. Јас ви кажав, вие на втората програма говорите на албански јазик и никој од нас не може да ве разбере, затоа што немаме ни можност, ни за стимултан превод, ни за превод по она што го говорите, по што се директни емисии, а што се говори, ако имате желба можеби некој пат и ќе ни кажете на Парламент а ако не треба да научиме албански и да знаеме што се говори. Така, имаме две ситуации, две варијанти и МТ треба да си додаде некоја додавка, па тогаш ќе биде дополнување на Законот за МТ. И тоа би го прифатил.

Затоа, јас ќе кажам не за оние што се помал број што кажувате повеќе од 20%, тука во прашање се доведуваат македонските граѓани и нивното гледање на МРТВ и ние сите заедно сме одговорни за опстојувањето на МРТВ, затоа што вака ако продолжи не третиот канал, ниту вториот ќе го има, ниту првиот ќе го има. А, со оваа програма што ја нуди МРТВ, со некои сеерии извадени тамуј од 1965 година, драми и незнам што, не знам што ќе се случи ако имаат некои средства утре да откупат некое европско или светско првенство, јас им посакувам да го направат тоа, каде тие светски и европски првенства во програмската шема на МРТВ ќе бидат вметнати, тоа се уште не го знам, а сигурно и вие не го знаете. Но, ова што го кажувате дека некој некому треба да обезбеди дуален систем, да обезбеди сетереотелевизори, такви работи мислам дека апсолутно не е за расправа во Собранието. Можеби тоа да се решава на некој друг начин со некој друг закон, ако сте незадоволни или да го укинете ова. Можеби третата програма треба да оди директно се на албански јазик, па кој разбра, разбра, ние ќе се обидеме после да прераскажеме некаде и граѓаните ѓе разбеат на македонски што сме сакале да кажеме или од вашиот превод и од

преводот што го има од вашите преведувачи, не секогаш сме задоволни, а можеби и самите не сте интерпретирани и тоа го гледам на комисиите, не е сте доволно точно интерпретирани во вашите излагања, така што и тоа претставува проблем меѓу нас и во нашите комуникации.

Значи останува она што го кажав на почетокот, не за овој закон, апсолутно, можеме да говориме до утре наутро, но во секој случај има една друга ситуација, сите да се залагаме МТВ да си го најде своето место, значи со сите тие средства што ги предвидовме, дел од нив веќе да почне да функционира, оти е трета година од Буџетот не добиле луѓето ништо. Технолошки апсолутно ништо не е променето, освен тоа што се одземени неколку ката од МТВ, значи тоа што го постигнале и понатаму работат со загуби и понатаму имаат проблеми. За тоа можеме да говориме и ако треба една седница да се закаже директно за опстојувањето на Македонската телевизија, а ова апсолутно не го поддржувам, затоа што и понатаму сум уверен дека граѓаните кои го знаат службениот јазик во оваа држава, македонскиот јазик, сллушаат многу малку на македонски јазик и ви кажав само Вестите кои што се повторуваат на два саати или незнам на колку оди, сето друго е шпански серии, англиска музика, нешто спорт и тука завршува приказната.

Затоа, господа, подобро вие да го повлечете, отколку да не доведете во ситуација пратениците да гласаат против овој закон.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Мавровски.

Господине Макрадули, имате три минути реплика.

**Јани Макрадули:** Очигедно вчера не сме се разбрале да повторам уште еднаш на господинот Мавровски. Ревизијата што тој вчера ја побара на Охридскиот рамковен договор на нашите идни поколенија ја стави како дилема и уште еднаш ќе повторам. Патот на Македонија кон ЕУ е дефиниран со Акциониот план во рамки на европското партнерство. Не е битно колку во овој момент пари или плата добива некој, битни се број 1, политичките критериуми во рамки на тој акционен план.

Првата точка во рамки на тие политички критериуми е имплементацијата на Охридскиот Рамковен договор. Му се допаѓало тоа или не, на господинот Мавровски е илеревантно, бидејќи 92% од населението во Република Македонија, сака да оди во Европската унија. Тогаш ако е критеримот прв, имплементацијата на Охридскиот Рамковен договор, сите закони што произлегуваат од Охридскиот Рамковен договор, ние сме должни, не позицијата, туку и опозицијата и сите политички партии кои и мислат добор на Република Македонија, што побрзо да ги завршиме, да ја затвориме таа страница од политичкиот дел и да почнеме да работиме она што се вика секојдневен живот и економски потреби. Затоа кога секој закон произлегува од Охридскиот Рамковен договор, СДСМ ќе го гласа и за него ќе се бори.

Бидејќи се согласувам дека ова не е тој дел и од практичната имплементација, ние денес нема да го подржиме овој законски предлог.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Мавровски имате една минута контра реплика.

**Спиро Мавровски:** Ако не ја слушнев последната реченица, излагањето на господинот Макрадули не ми лични нешто на непрепозлатливо од она што го говорев. Значи со ова го поддржа моето барање и апсолутно тоа што го говорев и за Тетовскиот универзитет, почнавте така дека тоа е дел од некој договор, а испадна после дека не е дел, сега кажувате јавно дека ова не е дел од Охридскиот Рамковен договор. Јас сакам тие закони, ако може, да бидат изнесени и да кажеме дека овие се законите кои кога ќе ги имплементираме и што побрзо тогаш ќе бидеме на првата врата, или уште три, четири врати до Европската унија и да знаеме уште колку имаме време за чекање. Вака само си поставуваме дилеми, прашања и прашалници, до кога и како. Тоа треба да им го одговорите на граѓаните на Република Македонија. Мене ми е совршено јасно.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Вејсели имате три минути реплика.

**Абдулади Вејсели:** Ќе зборувам на службен јазик, само сакам да те прашам кој е службен јазик во Република Македонија.

Уставот, амандманот 5 гарантира дека службени јазици во Република Македонија се македонскиот јазик и албанскиот јазик.

Второ, ќе ти кажам, ми повтори двапати дека јас имам право во ова Собрание да зборувам на свој мајчин јазик. Да, јас зборувам на мојот мајчин јазик, меѓутоа моето зборување на мајчин јазик го слуша само Исмет Рамадани, а не целото албанско население кое живее во Република Македонија, дека за нив се преведува на македонски јазик.

Трето, Охридскиот Рамковен договор и овој закон е дел од Охридскиот Рамковен договор, затоа што се регулира употребата на јазикот. Ако Охридскиот Рамковен договор е дециден, Амандманот 5 дека во Република Македонија службен јазик е јазикот на населението кое е над 20% во Република Македонија, а тоа се албанците во Република Македонија, јас не знам дали во тој Рамковен договор и во Амандман 5 треба да се нагласуваат сите институции во државата што ги има во голем број, дека треба да се употребува и јазикот на другите , кој е службен јазик во Република Македонија. Затоа мислам дека ние не бараме ништо повеќе, ниту јас навлегувам во тоа како може да опстане или како се финансира Македонската радио-телевизија. Тоа е друго прашање, има Закон за тоа, на крајот

на годината се дава отчет за нивното работење и т.н. Меѓутоа јас навлегувам во едно уставно право што им припаѓа на граѓаните на Република Македонија, а ние без никаква уставна поткрепа им го ускратуваме тоа право. Може седниците на Собранието да одат на едниот службен јазик, а да не одат на другиот службен јазик во Република Македонија. Јас потполно се согласувам со вас, со тоа дека и Македонците немаат терен. Јас реков дек ание во Македонија немаме стандарди ниту на Германија, ниту на Данска, на земјите од Европската унија, за да имаме такви можности да имаме стерео системи и незнам телевизори, дуален систем и т.н. Затоа велам немојте на еден дел на граѓаните на Република Македонија, преку гласовите во Собрание да им го ускратувате уставното право.

**Марија Којзеклиска**: Без коментар.

**Љупчо Јордановски:** Без коментар, изгледа, затоа што јас правам разлика помеѓу право на зборење и право на слушање.

Повелете господине Мавровски имате една минута контра реплика.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе,

Почитуван колега, еве сега многу добро се разбравме, без преведувачи, без ништо.

Сега, ако ме убедите дека службен јазик во Република Македонија е другиот јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, тогаш јас се извинувам. Јас колку што знам, и во претходниот Устав и во овој Устав многу јасно во Амандманот 5 стои: "На целата територија во Република Македонија и во нејзините меѓународниодноси службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо". Сега што треба да се објаснуваме и да бидеме попаметни, или да не гледаме, да гледаме само оној дел што го има или го нема. Вие добро кажавте, никој не ве ограничува и вие го користите вашето право да говорите на својот мајчин јазик и незнам што повеќе од тоа, може некој да ви забрани со овој член 5, да не биде применет.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Рамадани, вашите три минути за реплика.

**Исмет Рамадани:** Ви благодарам господине претседателе,

Изгледа кога определбата е априори за да се одбие нешто што се предлага, логично, од нас, тогаш колку да се трудиме да појасниме, мислам дека е малку сето тоа.

Господине Мавровски, многу добро го прочита Амандманот 5 кога беше на говорница, но сега кога реплицираше ја изостави запирката.

Јас уште еднаш ќе ве потсетам дека Амандманот 5 од Уставот на Република Македонија, ќе го прочитам докрај, не до запирката, вели: "На цела територија на Република Македонија службен јазик е македонскиот јазик и кириличното писмо, како и другиот јазик кој го говорат најмалку 20% од граѓаните на Република Македонија". Тоа е јасно. Но, кога почнуваат толкувањата, волонтерското толкување на господинот Мавровски, тогаш тој врши калкулации и разни манипулации во сето ова толкување.

Нашето инсистирање со интервенции во овој закон е, една политичка волја да се санкционира со закон и со самиот факт дека ние во работните тела ги додаваме зборовите: "на македонски јазик, или јазико ткој го говорат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија", ние само ја регулираме употребата и со закон, на јазиците. Ние сме свесни и разбираме дека сето ова на технички начин се потрудил да го изврши тој што е задолжен да го направи тоа, но и покрај тоа состојбата на терен и во пракса говори дека еден мал процент ги слушаат албанските пратеници, говорејќи на албански јазик. Но, сето тоа води со превод на македонски. Затоа ние треба да направиме други залагања, таа телевизиска мрежа која и припаѓа на Собранието на Република Македонија, да овозможи на комисиите и во нашите говори овде од овој Парламент, интонацијата да оди така како што говориме ние овде. Затоа овде треба да ви го привлечам вниманието, да се најде начин да се подобри оваа состојба и да се изврши така како што треба.

Инаку интервенцијата во член 11 став 2 е работа која санкционира односно ја уредува оваа работа со закон, така како што треба.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Мавровски имате една минута контра реплика.

**Спиро Мавровски:** Господине Рамадани вие зборувате за нешто што го читаме веќе неколку пати и веќе им стануваме досадни и на граѓаните на Република Македонија и на нашите колеги пратеници.

Јас мислам, тоа последното што го кажавте е политичка демагогија затоа што, што кога ќе го донесеме законот, ќе направиме технички услови ова да се реализира? Значи проблем е во членот 11 став 2, вие да внесете нешто што ќе биде законски подржано во однос на употребата на јазиците и тука завршува. Значи тоа што вие се залагавте до сега и што ми објаснувавте дека овој Предлог на закон е точно поради тоа што граѓните не можеле да ве слушаат на вашиот мајчин јазик, сега испаѓа дека е нешто друго.

Јас уште еднаш ќе ве прашам, што со вториот канал, како македонските граѓани можат да ги следат вашите дискусии и зошто тука не интервенирате да има превод на македонски јазик.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Караџоски имате збор.

**Жарко Караџоски:** Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Се надевам претседателе дека нема да ми го одземете зборот затоа што ќе си земам за слобода да ве спомнам и вас, а вие секако можете да ми реплицирате.

Почитувани колеги предлагачи, господа Вејсели и Рамадани, или пратеничка група на ПДП, морам вака да ја почнам дискусијата.

Имате обичај како пратеници да ни доставувате вакви иницијативи и слични на овие, секогаш во погрешно време и на погрешно место. Или, би ве прашал каде бевте до сега, вака кажано народски. Еден подолг период преспивате, особено вие господине Вејсели. Оваа идеа ние ја носевме во законот кога го воведувавме третиот канал и помина еден период додека сега се разбудивте, ајде поточно да кажам, претседателот на Собранието ве разбуди. Значи причината зошто овој закон го поднесувате, мотивите ви ги даде господинот Љупчо Јордановски. И мене ме чуди што и тој не е предлагач на овој закон.

На една седница, да ве потсетам, господинот Јордановски подобро ја памти, кога исто така убедливо тука не убедувавте дека вас никој не ве слуша, освен Исмет Рамадани, јас ќе кажам, не бидете толку сигурен, можеби и Исмет не ве слуша, или ве слуша ама не ве разбира. Тогаш упорно настојувавте истото ова да го објасните и господинот Љупчо Јордановски ви кажа, господине Вејсели вие имате можност, немојте да не малтретирате денеска, направте го тоа со закон, или појдете купете им телевизор, стерео, на тие што немаат и да ја завршиме работата. Што не малтретирате сега со еден ваков закон.

Еве, јас ќе бидам конструктивен, ќе ви предложам еден предлог. Нека, претседателот на Собранието, господинот Љупчо Јордановски, нас ни купи лаптопови, нели, со оние спонзори кои ги најави, а вие заедно со него телевизори стерео на останатите граѓани, пак преку тие спонзори и така ќе ги задоволиме сите граѓани, сите ќе гледаат стерео и се ќе биде во ред, нема потреба од ваков закон. Можеби сега делува саркастично, меѓутоа основната поента која сакам да ја кажам е тоа дека законот е апсолутно непотребен. Овде не убедувате дека заради уставниот основ во Амандманот 5 од Уставот, потребна е таква одредба. Јас ќе ви кажам дека апсолутно не е потребно. Уставното начело на кое се повикувате во законот и сега е задоволено. Што е тоа што не им е дозволено на Албанците, за МРТВ кога зборувам, или за употреба на јазикот, инаку ќе ми кажете многу што не е задоволено. Не ве прашав тоа. Што е, по однос на употребата на јазикот? Имате втор канал, имате собраниски канал каде на собраниски канал, тоа што сега јас го зборувам некој ме преведува. Сега некој штонема стерео телевизор, тоа не е пречка за остварување на уставните права. Ако некој изгорел за да го слуша ПДП, тој сигурно ќе набави стерео или вие како лидер ќе му купите само да ве слуша. Меѓутоа, ќе ви кажам господине Вејсели, вас не ве слушаат ни оние колаициони партнери кои ги менувате често. Прво, нема никој од ДУИ овде, да ве слуша. Мислам дека тие се померодавни. Се работи за употреба на албански јазик, она што го барате вие. За ДПА познати се причините. Ама не ве слушаат оти вие ги именувате, на локално ниво едни, на државно други, затоа не ве слушаат луѓето. Така и граѓаните, не знаат каде се. Тоа е една работа.

Овде, господине вејсели и Рамадани, да не го увредам, како предлагачи, мислењето од Владата кое сега имавме можност да го слушнеме односно прочитаме. Тие се потрудија, не заборавајте дека во Владата е и ДУИ, сега ког азборувам за Влада, да не го окривувам тој што се потпишал овде, господинот Бучковски. Таму има многу малку објаснување, но ни вели, она што јас го велам, сте го промашиле времето или кратко ќе ви трае законот, не се мачете. Значи предлогот би бил од времен карактер, а вас господине Вејсели не ви е во интерес да е од времен карактер. Таман работа. Треба да се реши нешто трајно. Затоа најдобро е да се донесе решение, ако воопшто се носи решение, барем онака како што мисли Владата, со некој закон за радиодифузна дејност каде можеби ќе има подобри решенија.

Значи и господинот Спиро Мавровски го отвори тој проблем, јас уште еднаш ќе го отворам тоа прашање и тука ќе завршам. Имате програма на албански јазик каде никој нема можност, од македонскиот народ да слуша што зборувате. Да ви кажамискрено нема што пак и потреба што да слуша што зборувате. Но, од друга пак страна вие барате, на трет канал, собраниски каде нас не преведувате и вас ве преведуваат. Вие барем си имате чист канал каде никој ниту ве преведува, а прашање е колку ве слуша, уште повеќе колку ве гледа. Навистина, не ми е јасно и не знам што уште сакате. Значи не е ова, сега не зборувам за техничките карактери, дали на оваа фрекфенција илина некоја друга, туку зборувамод принцип дека уставните амандмани на кои се повикувате, се апсолутно исполнети до сега. Јас мислам и многу е, а камоли уште нешто фазла да се даде од тоа што го имате. Според тоа, господинот Мавровски рече, најдобро е да го повлечете законот за да не не доведувате во искушение да гласаме против, бидејки ние такви навики немаме.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Караџоски. Еве јас ќе ви реплицирам.

Прво, не е коректно да ја дезинформирате јавноста дека јас сум предложил ваков закон да се донесе и би требало јас да бидам потписник.

Во таа расправа со господинот Вејсели овде, баш околу тој стерео и билален систем, јас му реков на господинот Вејсели да предложи закон на сите граѓани на сите да им се купи таков систем. Таков апсурден закон, како што беше апсурден закон поддржан и од ваша страна и од нивна страна, околу поништување на резултатите од изборите. И во тој случај ќе ги обезбедиме техничките услови, законски, кога ќе се донесе закон каде до Владата ќе се достави еден вид барање или наредба, да им купат. Тоа јас го предложив, а не предложив да се донесе таков Предлог закон. Но,

тоа е се во доменот на политичката игра и јас тоа го прифаќам и еве дозволете да го тоа објаснам.

Повелете господине Караџоски една минута контра реплика.

**Жарко Караџоски:** Господине претседателе воопшто не е битно и не е толку ни страшно далис те предложиле или не, но во секој случај вие му ја дадовте идеата. Од вашата идеа се понесе човекот и пушти закон.

**Љупчо Јордановски:** Мојата идеа да се реализираше овде, ќе имавме закон на сите да им се купуваат телевизори.

Повелете господине Вејсели имате три минути реплика.

**Абдулади Вејсели:** Благодарам.

Сега ќе говорам на другиот, ваш службен јазик, затоа што има два во Уставот.

Господине претседателе, јас лично ве овластувам вас да барате од Владата на граѓаните да им се купи стерео телевизор, во име на Парламентот.

Господине Караџоски, ПДП во текот на овие 15 години има покренато многу иницијативи и тие иницијативи на ПДП во прв ред биле одбиени од политичките партии, било во власта или во опозиција. Подоцна многу луѓе, многу политички партии, тие иницијативи на ПДП ги имаат поддржано, дури и оригиналноста ја имаат присвоено.

Во 1994 година доколку се усвоеше иницијативата за Државниот универзитет, ситуацијата ќе беше поинаква. Доколку тогашното парламентарно мнозинство го ислушаше ПДП за демаркационата линија или за оцртување на таа линија и договорот да не го правиме меѓу Скопје и Белград туку договорот да се прави меѓу Скопје и Приштина, ќе беше можеби многу рано за Македонија, меѓутоа тогашното парламентарно мнозинство тоа го одби. Меѓутоа сега гледаме дека Владата ја поддржува иницијативата на ПДП. Да не набројуваме многу, многу други иницијативи кои што ги има покренато ПДП првенствено се одбиени остро од сите. Потоа лека полека почнува да ретерираат и да ја поддржуваат иницијативата на ПДП и оваа наша иницијатива денес еден ден ќе дојде на ред да се поддржи од вас, меѓутоа верувајте ќе биде многу задоцнета поддршка.

Затоа тие кои што не се тука да не слушаат, тие кои што излегле од салата, секој работи според својата програма, според своето мислење и ние никого не можеме да принудиме кога е во прашање албанскиот јазик да нема пратеници Албанци во Парламентот, меѓутоа тоа е прашање за кое што ќе полагаат сметка пред другите, а не пред мене или пред вас.

Друго значајно прашање исто така е за третиот канал и Предлогот за изменување и дополнување на законот кој што се направи пред 5-6 месеци ние бевме вклучени во расправата и бевме против таквите изменувања кои што се прават измени на штета на граѓаните Албанци во Република Македонија.

Јас ќе повторам. Немојте да не разбирате лошо, ние не сме против програмата на македонски јазик.

**Љупчо Јордановски:** Господине Караџоски, имате контра реплика?

**Жарко Караџоски:** Господине Вејсели, значи проблемот на вашите идеи, можеби не е во тоа што имате идеи. Како што кажавте, кај вас многу рано се јавуваат, но проблемот е по се изгледа тие идеи изгледа не допираат до граѓаните. Сега, што е причината. Причина е што еден дел од граѓаните ви се во планина, немаат шанса да ве слушнат, другите немаат стерео телевизори и повторно не можат да ве слушнат, третите не сакаат да седат во салата кога вие зборувате и повторно не можат да ве слушнат и четврта работа очигледно некој ви ги краде идеите, а вие си спиете на уши.

Према тоа, треба на некој начин да допрете до граѓаните. Да им кажете дека вие сте партија со идеја, но друг ви ги краде. Тука е проблемот.

**Љупчо Јордановски:** Господине Михајловски, имате збор.

**Јордан Михајловски:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани предлагачи, ќе почнам со она што заврши колегата Караџоски. Токму ние сме тука да предлагаме идеи дури и да ги проблематизираме и кога проблематизираме некогаш и во апсурд како што се случува денес. Само сакам да ги потсетам господата предлагачи колеги дека веќе се изготвува нов закон од Министерството за транспорт и врски за радиодифузна дејност во кој закон е водено сметка за информирање на немнозинските етнички заедници. Што значи веднаш се соочуваме со проблем. Можеме и во услови сега да го донесеме овој закон, тој закон веќе ќе падне со тоа што се менуваат основачките права за Македонската радио и телевизија.

Инаку сакам да им кажам на колегите дека гледано вака како што е предложен законот потпаѓа под она што се вели редукција од апсурдно, од аспектот на неговата техничка издржаност. Третиот канал на Македонската радио телевизија, нема можност да работи така како што тие предлагаат. Друг систем не е можен.

Друго, што се однесува до правата на заедниците во сверата на информирањето, колегата од ДУИ веќе кажа.

Она што сакам конкретно да го кажам, е што ние треба да се загрижиме, токму за она што го изгласавме законот за третиот канал. Мислам дека ние направивме собраниско сираче. Уште не сме седнале да расправаме за материјалната подлога на овој канал, уште не сме седнале да расправаме за програмскиот концепт на овој канал кој го критикуваме во моментот, уште не сме седнале да расправаме за неговиот технички и технолошки развој. Тоа е она што ние треба да

го направиме и тоа под итно, да се заложиме да му дадеме концепт на овој канал, да може овој канал навистина, со својата програма во водите, она што се вели со јазикот на информирањето, медиумско дизајнирање, што сите би биле задоволни. Во услови кога Македонската радио телевизија се дави во долгови, кога има отпуштено 1000 луѓе како технолошки вишок, кога претплатата не оди како што оди и кога тој концепт на претплата ќе падне со продажбата на Електростопанство на Македонија, ние навистина треба да размислуваме малку повеќе што значи за нас јавниот сервис, отколку да се занимаваме со вакви закани, со кои не правиме ништо суштински.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Рамадани, имате три минути реплика.

**Исмет Рамадани:** И понатаму имам впечаток дека не се разбираме добро со овие иницијативи. Со овие измени и дополнувања кои ги правиме со овој закон и не очекувавме и не сакавме нашите колеги да дадат сосема друго конотации на употребата на јазикот, бидејќи кога ја изготвивме иницијативата, односно Предлогот за измени, ние ја имавме предвид и финансиската криза со која се соочува Македонската радио телевизија. Дури и да ја кажам вистината јас имав една средба, еден разговор со генералниот директор на Македонската радио телевизија. Дојдовме до заклучок со тој разговор дека третата мрежа на Собранието на Република Македонија треба, бидејќи е заинтересиран и гледа попатно да се пренесуваат седниците и работните тела, нивното работење на интегрален начин, тогаш треба да учествуваме како Собрание, бидејќи е основач на Јавното претпријатие Македонската радио телевизија, значи и финансиски да го помогне, односно да го сноси финансискиот товар од третата мрежа. И од сето ова, да се изнајде можност јазикот кој се говори, односно јазиците кои се говорат во Парламентот и во работните тела да можат да се пренесуваат или да одат на оригинален начин. Затоа колегата Михајловски, кој најавува нов закон за Македонската радио телевизија, уште сега ќе кажеме дека ова прашање на регулирањето, на уредувањето на јазикот не е како што ние размислуваме дека треба да биде. Затоа, се што ќе се случи позитивно и во евентуален нареден закон, тогаш ние уште еднаш потврдуваме дека ги предвидуваме и ги издаваме идеите во потребниот момент за кој треба да размислува тој кој треба да го оствари ова, што денес ние го предлагаме.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и ги молам пратениците да влезат во салата, бидејќи треба да гласаме по заклучокот.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Јавно претпријатие Македонска радио телевизија.

Ве повикувам да гласаме.

Во моментот на гласање беа присутни 62 пратеника, гласале 53, 3 гласале за, 2 се воздржале, 48 гласале против.

Констатирам дека заклучокот не е усвоен.

**Минуваме на точка 30 - Информација за состојбите и последиците на граѓаните од кризните региони претрпени од воените дејствија во 2001 година.**

Информацијата и мислењето на Владата ви се доставени, односно поделени.

Предлагачи се пратениците Абдулади Вејсели и Исмет Рамадани.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?

Господине Рамадани повелете.

(Со седницата продолжува да претседава господонот Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија)

**Исмет Рамадани:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги.

Едно извесно време како пратеник заедно со претседателот Абдулади Вејсели, размислувавме, како да изнајдеме начин, или облик, да ја задолжиме Владата преку овој Парламент да донесе еден закон, кој ќе го регулира статусот на сите тие, кои претрпеа во текот на конфликтот во 2001 година, односно на сите граѓани кои и ден денеска имаат последици од конфликтот во 2001 година и ја изнајдовме најдобрата форма, или начин. Прво отидовме со измени и дополнувања на законот кој го уредува ова прашање, само за припадниците на безбедносните сили, но дојдовме до заклучок дека таква иницијатива нема да помине повторно во Македонскиот Парламент, дека ќе добиевме одговор добро искажан многу пати овде во ова Собрание. Другите пратеници ќе ни кажеа од позицијата, но и дел од опозицијата да ја сочекаме Владата да ни предложи еден ваков закон. Затоа одлучивме ова да го направиме со една информација која многу малку опфаќа од сето тоа што се случи во текот на 2001 година, но е доволна за да ја надразниме нашата свест, значи дефинитивно да изнајдеме решение за сите тие граѓани кои имаат последици од 2001 година. Информацијата ја именувавме како Информација за состојбите и последиците на граѓаните од кризните региони, претрпени од воените дејствија во 2001 година.

Консултирајќи го нашето искуство и имајќи еден концептуален граѓански пристап во овој случај, ние сакаме да ве потсетиме и истовремено да ви овозможиме вие со вашите дискусии, со вашите

забелешки, но и евентуално очекувавте и некој поднесен амандман, дефинитивно, да регулираме нешто што е од Анексот 3 од Рамковниот договор, во однос на ресоцијализацијата, но и нешто поконкретно преку оваа информација и заклучоците кои ќе ги донесеме.

Од конфликтот во 2001 година, многу граѓани од Република Македонија без нивна вина претрпеа разни оштетувања на организмот, рани, повреди, или болести, со трајни последици, или загинале како последица на здобиените повреди во оваа година. Факт е дека семејствата на загинатите граѓани на Република Македонија во текот на 2001 година, како последица на стекнатите последици, сеуште не се регулирани со закон. Оваа категорија на граѓани сеуште не е обештетена, или пак трајно не им е решен нивниот статус, или статусот на нивните семејства, кои непосредно биле материјално издржувани од нивниот загинат или инвалидизиран член на семејството.

Собранието на Република Македонија во 2002 година го донесе Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства и со овој закон се уредени посебните права на припадниците на безбедносните сили и на членовите на нивните семејства, како и условите и постапката за нивното остварување.

И покрај тоа што Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства во текот на 2003 - 2004 година се измени и со неговите изменувања не е опфатена категоријата на граѓани, кои исто така беа жртви или претрпеа големи последици од вооружените конфликти во текот на 2001 година.

Оваа категорија на граѓани правно и практично се дискриминирани, односно им се прекршени основните човекови права. Потребата од проширувањето на посебните права и за оваа категорија на граѓани од Република Македонија, претставува уставна, законска и меѓународна обврска. Вакви закони биле донесени во други држави каде имало случаи на граѓанска војна, или постоеле други слични конфликти. Со цел да елиминира секаков вид на дискриминација на граѓаните на Република Македонија по било кој основ, го предлагаме следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија ја разгледа и ја усвои Информацијата за состојбите и последиците на граѓаните од кризните региони претрпени од воените дејствија во 2001 година.

2. Собранието на Република Македонија укажува на потребата, Владата на Република Македонија во што пократок рок да изготви и да достави до Собранието на Република Македонија Предлог за донесување на закон за посебните права на граѓаните на Република Македонија настрадани за време на вооружените дејствија во кризните региони во 2001 година, со Предлог на закон.

3. Овој заклучок преку Парламентот да се достави до Владата.

Јас реков и на почетокот дека нашиот пристап е граѓански концепт, не правиме разлика меѓу граѓаните дали се од македонска припадност или од албанска национална припадност, турска, влашка, српска или бошњачка но сакаме да се опфатат сите граѓани кои претрпеле, бидејќи со Охридскиот рамковен договор како ПДП подразбираме и едно помирување помеѓу граѓаните и меѓу сите тие граѓани кои се опфатени во конфликтот во 2001 година.

По ова следеше Законот за амнестија, кој исто така го донесе овој Парламент. Понатаму следеше ДУИ, партија која на некој начин излезе како резултат од тој кнфликт, но е и партија која учествува во оваа Влада, во државните институции и во Парламентот. Многу пати од оваа говорница сум рекол дека не е правилно луѓе од ист слој, некои се убиени, останале починати, некои се ранети а некои се инвалиди, а некои кои останале живи и имале можност да останат живи да ги уживаат сите привелегии, се разбира учествувајќи активно во власта и во државните установи, да не изнајдат начин и облик за згрижување на овие граѓани кои биле цивили. Ние треба да разбереме една работа. Од бомбардирањата страдаа и жени и деца, цивили. Од нивните семејства има и инвалиди. Инвалид може да биде родителот, братот или тој кој издржува семејство. Во сето ова, за среќа, во сета оваа несреќа со Охридскиот рамковен договор се прекина една војна која ќе добиеше и граѓански сразмери и во однос на бројот на жртвите, инвалидите и семејствата кои најмногу претрпеа, во нивните души и нивните тела, значи ова лошо... Добро е, ние како држава и како пратеници да ја задолжиме Владата со сите податоци кои ги добија од теренот и тие кои можат да им ги дадат, овие граѓани без оглед на нивната национална припадност, да бидат рамноправни пред правдата. Тоа не се многу средства, велам за среќа во оваа несреќа не станува збор за многу граѓани, не станува збор за многу инвалиди, за многу починати кои го загубиле животот во оваа несреќа. Затоа, Владата односно Парламентот кога ќе го донесе тој закон што ќе го предложи Владата, ќе направи една многу добра работа, во насока на тоа што е помирување, ресоцијализација, порелаксирана состојба и една работа што е многу добра и интересна, и тие семејства кои страдале на разни начини во текот на овој конфликт да ја зголемат лојалноста во однос на државата, бидејќи кога државата се грижи за тие жители, тие ќе бидат лојални во однос на државата. Додека некој се грижи како личност, како граѓанин, како што сум рекол јас за некој Бајрам или Велигден, ќе им однесат на овие граѓани некоја помош што им се дава на разни начини, тоа може да се злоупотреби, тука можеме да имаме и политички маркетинг, бидејќи човечкото суштество колку е добро понекогаш се прават доста маркетинзи кои се однесуваат и на судбините на луѓето, што за

државата односно за нас не треба да биде прифатливо. Доколку вака размислувате, а јас имам впечаток од некои разговори што сме ги имале со некои наши колеги кога го поставивме овој проблем, кога го имавме и го имаме предвид овој контекст на нашето граѓанско постапување, односно чувствителноста со граѓански концепт на оваа состојба, очекуваме поддршка, бидејќи верувајте ми ова е мое лично размислување, доколку некој и понатаму вели дека ние вршиме политички маркетинг со ова, на крајот на краиштата ние сме многу свесни, бидејќи оние кои најмногу страдале во текот на конфликтот, од нив не се бара гласот бидејќи ќе биде слабост или нешто недобро за една политичка партија за да го злоупотреби ова. ПДП никогаш нема да го направи тоа од овие граѓани. Треба да разберете дека со ова што го поднесуваме не бараме милост во насока на тоа што значи власт, туку бараме овие граѓани да ги третираме рамноправно и овие граѓани да имаат повисока лојалност во однос на државата по Охридскиот рамковен договор, кој е и помирување меѓу граѓаните од сите национални и верски припадности.

Се надевам на ваша поддршка.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Рамадани.

За реплика се јави пратеникот Џезаир Шакири.

Повелете господине Шакири три минути.

**Џезаир Шакири:** Да, господине Исмет, мислам дека навистина имавте премногу смелост да дискутирате сега за овој проблем. Меѓутоа, нешто не забележавте, пратениците на ДУИ изгледа од срам или можеби од нешто друго или некоја друга демонстрација ја напуштија седницата. Како што се гледа, нема да имате поддршка во оваа работа. Тоа не можат да го поддржат пратениците од ДУИ за инвалидите од војната или за жртвите од војната во 2001 година, од причина што тие или не биле во војната или не знаат луѓето што претрпеле во тоа време. Целта е добра, намерата е добра што сте го предложиле ова, меѓутоа, за жал ние сме само тројца пратеници кои ќе го поддржат ова, а не повеќе.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Шакири.

Има збор пратеникот Александар Флоровски.

Пред тоа, една минута контрареплика за господинот Исмет Рамадани.

**Исмет Рамадани:** Добро го разбрав пратеникот, мојот колега Шакири и вистина е дека како предлагачи не засега што овде не се присутни пратениците од ДУИ, но и покрај тоа се надевам дека тие и по ова мое излагање би требало за оваа иницијатива да размислуваат логично и добро во оваа насока, бидејќи и покрај се, доколку се против оваа иницијатива, би сакале да слушнеме некое нивно произнесување, кое би било против тоа што ние го предлагаме, односно го гледаме како попатно и на место.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Рамадани.

Има збор пратеникот Александар Флоровски.

Повелете господине Флоровски.

**Александар Флоровски:** Почитувани пратеници, многу суптилно прашање во едно суптилно и тешко време. За жал, ние како држава секогаш се наоѓаме во некои тешки времиња, предизвикани од разно разни последици, кои не сакам да ги елаборирам, но во последниве 15 години од осамостојувањето на Македонија постојано се судираме со разно разни проблеми кои некако не успеваме да ги решаваме. Дали тоа се должи на нашето неумеење, незнаење или несакање е знак на прашалник, или она што вчера го спомнав, недоволно познавање меѓу себе, за да може да се разбереме. Можеби тоа е една од причините за кои прашања кој колку размислува патем кажано, не гледам дека некој посебно размислува околу ваквите прашања кои ја оптоваруваат денешната македонска стварност.

Овој Предлог сакам да го гледам од еден сосема друг аспект, не од аспект да се напаѓа или брани нешто, туку ќе се обидам да бидам максимално непристрасен, за да сета оваа работа не се сфати погрешно, а во мојата искреност не треба никој да се сомнева. Сето она што го говорев и во минатото и сега секогаш го говорам максимално отворено, за да ме сфатат и пратениците и граѓаните на Република Македонија, без предрасуди, што впрочем е и задача на еден пратеник и задача на овој парламентарен дом. Значи без маркетинг, едноставно да ги отвориме картите. За жал, овде се присутни мал број пратеници. Мислев дека оваа точка ќе предизвика поголем интерес, интерес каде што ќе се судрат разно разни мислења, аргументи и контрааргументи, за да видиме што е тоа што се случувало 2001 година. Дали сме жртва на манипулации сите ние како држава, дали се инволвирани странски сили кои ја доведоа Македонија до една ваква состојба, колку често граѓаните на Република Македонија од една страна македонци, од друга страна албанци во сета оваа работа која е дефинирана како граѓанска војна, иако граѓанската војна по некои правила значи судир на две страни во кој се инволвирани огромен број на луѓе, значи не селективно. Значи сите вклучени страни, како што беше пример во Босна и во Хрватска, па и денес во Африка меѓу различни афрички племиња. Прашањето е дали она што се случувало во Македонија во 2001 година било граѓанска војна, за што сеуште немаме одговор и никој не нашол за сходно да одговори на тоа прашање што е тоа што се случувало 2001 година во Македонија. Факт е дека е вештачки предизвикана работата, дека дебело се инволвирани разни известителни служби, кои не сакам да ги именувам...

**Слободан Најдовски:** Господине Флоровски, само момент. Јас се согласувам со вас и за тие работи да разговараме, се согласувам дека треба отворено да разговараме и за причините, но во овој момент на седница на Собранието имаме Информација за состојбите и последиците на граѓаните од кризните региони претрпени од воените дејствија во 2001 година, што значи имаме расправа за она што се случувало после конфликтот од 2001 година. Инаку, во целина ве поддржувам, поднесете една информација или како точка на дневен ред и за тоа да разговараме, но би ве замолил сега да разговараме за она што е точка на дневен ред. Како вовед во ред, но понатаму во дискусијата би ве замолил да го респектираме тоа.

**Александар Флоровски:** Вашиот страв дека ќе предизвикам некоја лавина на негодувања не треба да постои затоа што ќе бидам максимално коректен. Сета оваа работа е во контекст на она што е предложено од ПДП, што можам да го оценам како еден коректен чин, затоа што другите припадници на албанските партии ги нема, за жал, ги нема ДПА, нашите поранешни коалициони партнери, гледам тројца претставници од албанската етничка заедница. Ова беше само еден вовед. Вовед во она што сакам да го дискутирам и сметам дека сте доволно интелигентен да сфатите дека ова е само вовед во една расправа која како точка на дневен ред денес е поставена од пратеничката група на ПДП. Не говорам за баба Зумбула, говорам за работи кои се случуваат, говорам за човечки судбини, говорам за сето она што нас не оптовари, а бевме живи сведоци овде 2001 година на она што се случуваше и сите тие разни премрежја некој ги преживуваше полесно, некој потешко. Овде имавме дискусија до 04,00 часот наутро барајќи некои решенија, но за жал не ги најдовме и се случи она што се случи. Вчера истото го кажав, немојте да ми го земате за зло, доколку некогаш излезам од контекстот, затоа што работите се малку подлабоки и доколку сметате дека треба строго да се држам до еден зададен правец, јас можам да си седнам и да прекинам со дискусијата. Мислам дека мое демократско право е, а и вие да ми дозволите, како вовед ова да го кажам и да се осврнам на она што е мое мислење и мое размислување на предлогот на пратеничката група на ПДП и господинот Шакири.

**Слободан Најдовски:** Продолжете.

**Александар Флоровски:** Моите намери се добронамерни, значи нема да говорам тенденциозно, нема да говорам со зло во душата. Едноставно сакам да кажам дека секоја унесреќена мајка без разлика на која националност припаѓа си ги жали сопствените деца. Тоа е наравоучение на мојот вовед. Сакам да говорам од еден човечки аспект и притоа ги отворам сите дилеми кои овде постојат и ако ми дозволите јас ќе продолжам.

Значи, првото прашање за да стигнеме до она што денес е предложено, треба да се постави прашањето кој ја предизвика оваа војна. Затоа говорев за внатрешни и надворешни фактори, за вмешаност на разно разни служби, но да ви кажам кај мене не постои дилема дали смеам да спомнам служби или не. Јас сум секогаш максимално отворен и ќе говорам отворено без да именувам некого. Иако работите ми се добро познати, за жал, нашата држава Македонија секогаш била монета за поткусурување, и сега и наназад во минатото. Можеби е тоа божја судбина, се надевам дека Господ ќе се смилува на нашата судбина, ќе дојдат подобри и поведри времиња за македонскиот народ и за граѓаните кои живеат во оваа држава.

Значи кој ја предизвика оваа војна? Знак на прашање кое останува нејасно и необјаснето за многу луѓе и овде и надвор од овој македонски Парламент. Факторите кои можат да кажат што се случувало 2001 одина, за да дојдеме до она до што треба да дојдеме, се денешната власт олицетворена во ликот на СДСМ и ДУИ. Сите документи, сите архиви, сите инструменти се кај нив. Тие се најкомпетентни да кажат што навистина се случувало и дали предлогот што денес е даден од ПДП држи вода или не држи вода. За жал, овде немаме претставник на Влада, компетентно лице кое ќе ни одговори, освен мислењето кое ни е дадено на една страница со три точки, за кои исто така ќе говорам, но сметав дека треба да има човек кој ќе ни објасни многу работи, многу непознаницил и за мене и за вас како пратеници и за македонската јавност. Значи кога говорев за СДСМ и ДУИ како најкомпетентни, говорев од еден единствен аспект: тие се луѓето кои владеат со оваа држава, тие се луѓето - се извинувам, да не ги изоставам, тука е Либерално демократскта партија чија улога во оваа работа сеуште не е дефинирана, иако треба да се има активно учество и да кажат, доколку сметаат за потребно да кажат што е она што се случувало, затоа што се дел од власта и за наше сознание и за сознание на севкупната македонска јавност.

Кога говориме за самиот чин дали ова била граѓанска војна, како што е наведено овде, пишува вака: вакви закони биле донесени и во други држави каде имало случај на граѓанска војна или постоеле други слични конфликти. Во тој контекст јас ја спомнав војната во Хрватска и Босна, која апсолутно се разликува од она што се случуваше во Македонија, барем според размерите. За жестината на битките не можам да говорам, не сум присуствувал таму, не сум компетентен да кажам, освен она што успеав да го прочитам, освен она што успеав преку електронските медиуми да го видам. Можам да давам ваква или таква квалификација, но факт е дека паѓаа жртви и од едната и од другата страна. Постоеле две страни и тоа е факт. Едната страна беше таа која го бранеше македонскиот суверенитет според Уставот на Република Македонија, другата страна беше квалификувана како страна која се бори за граѓански права.

Една мала дигресија ќе направам, ќе се вратам назад во еден минат период од 1948 година каде што исто Македонскиот народ во денешниот Беломорски дел кој е под Грција исто имаше една граѓанска војна која зема огромен број на жртви, преку 20 или 30 илјади луѓе, бројката сеуште никој не ја знае, тоа е квалификација за класична граѓанска војна, при тоа Македонскиот народ вообичаено бил излажан дека ќе добие човекови права итн. Игрите беа многу подлабоки се со единствена цел она што значеше наша бивша територија да се обезличи и таму да не останат Македонци, како што и се случило.

Во тој контекст морам да се повикам, затоа што е во контекст на сето она што го предлагате дека немало борба за човекови права, ќе се повикам на изјавата на господинот Мендух Тачи кој говореше за пет коминикеа, кој говореше дека војните се водат за територии, не се водат за човекови права. Колку тоа држи, колку е тоа точно не сакам да се мешам, не сакам да говорам, но факт е дека господинот Тачи тоа јавно на два пати го кажа преку електронските медиуми. Тоа се сериозни обвинувања господа, изречени од устата на потпретседателот на ДПА во Македонија.

Тука доаѓаме до едно многу битно прашање. Доколку оваа изјава на господинот Тачи е точна, верувам дека е подобро информиран од мене и од многу од македонскиот блок, се доведува во прашање самата иницијатива. Значи, не се работело за борба за човекови права, се работело за нешто сосема друго, според изјавите на господинот Тачи кои, глупаво е јас да ги коментирам што сакал да каже со тоа, но јасно кажа дека имало пет коминикеа, им се обрати на новинарите најдиректно, им кажа дека, господа тоа беше борба за територија, не беше борба за човекови права. Тоа се зборовите на господинот Тачи кој лично го почитувам.

Инаку, чинот што го направи ПДП логично беше да се очекува од пратеничката група на ДУИ, затоа што ПДП многу малку или скоро ич не беа инволвирани, еве условно кажано, во граѓанската војна во Македонија, говорам во наводници и велам "условно" затоа што прашање е што беше. Сеуште не се најде маж во државава да ми објасни што беше тоа што се случуваше.

Значи, од морален аспект пратениците на ПДП го направија своето, но од друг аспект, доколку постоеше ваква иницијатива требаше да биде покрената од пратеничката група на ДУИ. Оваа иницијатива која е дадена од пратениците на ПДП, сигурно ги засега актерите во сето она што се случуваше во 2001 година, а најкомпетентни да говорат, да зборат и да се изборат за сите оние што страдале, се нивните соборци од ДУИ. Но, за тоа мора да се има образ, мора да се има морал, мора да се има етика за паднатите жртви, но очигледно чувството на таквата работа не постои затоа што освен еден пратеник од ДУИ друг не гледам. Ако некој требало да покрене таква работа тоа требаше да го покренат бившите команданти и бившите соборци кои еве загинаа во таа војна знаејќи или не за што се борат. Имало многу изманипулирани луѓе, во тој контекст зборував и за Граѓанската војна во Егејска Македонија, каде исто така не маткаа нас како Македонци дека ќе добиеме граѓански права, па добивме шутка (клоца) од Беломорска Македонија и завршивме таму каде завршивме. Не ја посакувам судбината на ни еден народ да биде како што беше судбината на овој Македонски народ кој доживеа три-четири и повеќе егзодуси во сопствената историја. Во тој даден момент исто така морам да признам дека 1948 година доколку не беше подадената рака на Енвер Хоџа да ни ги отвори границите да се повлечеме во Албанија ќе доживеевме класичен масакр затоа што господине Јоже Броз ни ги затвори југословенските граници 1948-1949 година, 26 март 1949 година се случи ова.

Ова е наравоучение или во контекст на сето она што го говорам.

Кога говорам за моралниот аспект, една битна работа која треба да ја има секој нормален човек, тоа го имаш во себе или го немаш во себе или луѓето ти служат во моментот за одреден интерес и по завршувањето на работата едноставно тие луѓе се забораваат. Кој настрада-настрада, кој загина-загина, не е битно, битно ние фативме позиции, ние фативме фотељи, ние се вдомивме, дел сме од владеачката структура и си ја тераме работата како што си ја тераме , наводно "за некои албански интереси", а зад сето тоа , мора да се признае, дека се кријат лични интереси. Примери за ваква работа низ историјата има колку сакате, има една македонска изрека: тешко тој што ќе си оди, тој ќе си отиде, живите ќе си ја тераат сопствената работа и продолжуваат со нормалниот живот. Оној што загинал, загинал, ќе го жалат само домашните, а нивните соборци ќе прават споменици, а од споменици нема ништо, затоа што живиот човек не може да го замени споменик.

Работите се такви и треба да ги гледаме од еден човечки аспект.

Господинот Рамадани спомна дека е вршена дискриминација. Јас ќе кажам дека ова што го предложивте од морален аспект од ваша страна е чесно затоа што најдовте сили да излезете овде пред овој македонски парламент и да побарате она што не смеат другите да го бараат. Тоа го почитувам. Треба да се има храброст и доблест да се излезе иако не сте инволвирани во дејанијата од 2001 година или сте многу малку инволвирани или ич не сте инволвирани, најдовте за сходно, дојдовте, кажавте ставови, претпоставувам разговаравте со голем број од вашиот електорат, со голем број албански граѓани кои го побараа ова. Претпоставувам дека тие албански граѓани се обратија и до владеачката гарнитура, не наидоа на добри соговорници и падна картата кај вас, излеговте и го предложивте тоа што го предложивте.

Кога говорите за дискриминацијата, требаше да станат и да предложат претставниците на ДУИ и доколку сметаа дека овој предлог држи да ви дадат апсолутна поддршка. Говорам како човек, говорам за морална димензија. Но, очигледно во нашава македонска држава моралот е мисловна именка, чесноста е мисловна именка, етиката е мисловна именка, тука сме немоќни да направиме, Господ е тој кој дава, Господ е тој кој зема, на некој му дал морал чест и етика, на некој не му дал. Тука не можеме ништо да направиме, не можеме на луѓето да им туриме во главата со инка дали ќе размислува за паднатие жртви или не, некој размислува, некој не размислува, гледајќи ги сопствените лични интереси. Тоа е една страшна работа. Можам д го крстам како неморал, како небулоза и разно  разни други "епитети" или етикети, но тоа е факт, жртвите паднаа, наводните борци за човекови права ги фатија фотелјите и ги уживаат благодетите дадени како дел од Владата, дел од позицијата и да не навлегувам што се случува во самата Влада, ако можевте да направите дил за референдумот, можевте едно вакво прашање да покренете внатре во Владата и да расправате по ова прашање, доколку сте загрижени за сите оние кои настрадаа, а голем дел од нив не знаеја за што страдаат. Едноставно беа викнати ќе се борите за албанската кауза, ова во контекст на нас што ни се случуваше, претпоставувам дека истата работа, истата работа се верглаше меѓу луѓето дека сега ќе ослободите, ќе направиме ова, ќе направиме тоа. Работевме максимално коректно со ДПА и многу работи ќе се решаваа без војна, како што почнавме со Штуловиот универзитет и работите ќе се тераа по еден демократски пат онака како што доликува на едно граѓанско општество.

Вака само оставивте едно тешко бреме и кај македонците, кај оние што загинаа и кај голем дел од македонскиот народ, оставивте едно тешко бреме кај албанците, кај оние што загинаа и дадоа жртви од сопствените фамилии, а ги имаше многу од двете страни, затоа што се војуваше, не се играше камај.

Крајната цел ја видовме и допрва ќе ја гледаме и она што го зборевте со домино ефект ќе продолжи да се тркала до недоглед.

Јас повторно ќе кажам, многу ми е жал што денеска нема претставници од ДПА, претпоставувам дека луѓето имаа што да кажат, имаа многу да кажат, имаат многу сознанија и верувам дека ќе ја збогатеа атмосферата овде на говорници, затоа што ако јас говорам како македонец секој албанец ќе ме сфати дека ова го говорам од инает. Не, се обидувам да бидам неутрален во сета оваа работа. Но, кога ќе полемизираат две албански страни ќе можеме да дојдеме до вистината што е тоа што се случуваше и како наравоучение дали ние како пратеници треба да поддржиме еден ваков предлог или не треба да поддржиме еден ваков предлог.

Што вели Владата по ова прашање чии коалициони партнери се ДУИ. Владата го вели следното:

Не е работата само ние да се декларираме како големи албанци, големи македонци и незнам кој сеуште, има една друга работа, делата говорат за луѓето. Таму имате пет шест министри, незнам точно, не ме ни интересира многу да ви кажам кој каде припаѓа, Владата одговори со две реченици од член 2 вели вака, а вие сте дел од Владата, присуствувавте на таа Влада, дали сте дискутирале или не мене не ми е познато, говорам за вашите претставници, ако не сте дискутирале се враќаме на она што јас го говорев, борбата беше насочена кон сосема друга страна, за сосема други интереси. Владата вели вака, потпишано од господинот Бучковски: организаторите и учесниците во ваквите манифестации што се насочени кон подривање на уставното уредување немаат право на надомест на штета според оваа основа.

Втората реченица говори вака: државата има право и обврска да бара надомест на исплатениот износ од лицата кои ја предизвикале штетата. Е, сега се доведува во прашање кое е лицето или кои се лицата што ја предизвикале штетата. Дали има некој овде да ми одговори кој беше првиот човек на УЧК јавно, не сакам да навлегувам во позадината иако ми е позната и позадината, според ова господине Рамадани сите овие луѓе кои настрадаа за божемни човекови права треба да ги сносат т.е. да им платат репарации тие што ги одведоа во војната. Во случајот тоа е денешната Демократска унија за интеграција. За жал, една многу чудна, да не кажам апсурдна ситуација, партија која е на власт, која беше директно инволвирана во војната, која предизвика низа жртви и меѓу албанците и меѓу македонците, настрадаа и други припадници на етнички заедници учесници од едната или од другата страна, во случајот работата директно се адресира на бившата УЧК, денешната ДУИ.

Значи, колку е загриженоста на ДУИ по овој предлог ќе видите по мислењето на Владата. Таму ни еден министер од ДУИ не стана да каже дека застануваме зад овој предлог, затоа што сметаме дека е добар или не, држи вода или не. Самите господа со тоа што се декларираат како големи бранители на албанските права, а имајќи прилика како директни учесници во Владата и во власта да придонесат кон хармонизација на односите во Република Македонија, а овој предлог можеби ќе доведе до хармонизација и доверба меѓу граѓаните не го поддржаа луѓе од вашиот ентитет кои се директно во власта. Таму едногласно се одлучува во Владата, нема дисонантни тонови, нема прегласување, туку се договараат колку да знаете и во оваа Влада и во минатите влади секогаш било  така.

Значи, репарации и отштета на албанците што загинаа целата одговорност паѓа на ДУИ, затоа што претпоставувам како оделе работите, оделе од село во село, држеле митинзи, ги повикувале

младите албанци да учествуваат во војната при тоа како од денешен аспект ги гледам работите никој не води сметка за тие што загинаа. И, баш ги боли уво затоа што ставот на Владата е многу јасен и многу дециден.

И, ќе завршам господине претседателе, ве видов кога влеговте . . .

**Љупчо Јордановски:** Само сакам да ви кажам дека се смени претседавачот, еве јас дојдов.

**Александар Флоровски:** Реков претседателе, а не потпретседателе. Немам очи од позади, но ги следам работите.

Само уште еднаш ќе кажам дека господинот Џезаир Шакири кога кажа дека ги нема претставниците на ДУИ беше добро потенцирано, држеше вода, но дојде господинот од ДУИ и верувам дека ќе ни отвори, ќе ни разоткрие многу работи кои се случувале и баш ме интресира дали ќе дадете поддршка на предлогот од ПДП. Ако дадете поддршка на предлогот на ПДП, тогаш значи дека сте во спротивност на ставовите на вашата партија или на вашата Влада. Ако не дадете поддршка се прашувам утре на некои следни избори како ќе излезете меѓу албанскиот електорат. Баш сакам да го видам тој момент, ме интересира реакцијата на вашето гласачко тело, затоа што цело време се повикувате дека цел албански народ или албанска популација гласаше за вашата партија. Сакам да бидам жив сведок, претпоставувам дека сите сакат да бидат, но едно ќе ви кажам, полека ја губите довербата меѓу албанците, затоа што се што се случувало во 2001 година, според мои информации, според луѓе со кои комуницирам, јас имам пријатели албанци со кои разговарам, високи функционери од ДПА, па и од вашата партија да не ги именувам кои беа заменици министри, некогашни припадници на ДПА, комшии, пријатели од Чаир кои ги знам од деца.

Значи, ќе немате розова иднина, ќе не може да се повикувате само вие дека сте легитимни претставници на албанскиот народ, претпоставувам дека и други во иднина од 2006 година ќе можат да се повикуваат дека и тие ги бранат албанските права, а за сите оние што загинаа, условно кажано од ваша страна, треба вие да ги носите на совест и никој друг и вие да одговарате за нив и албанците вас да ве прашаат што со тие загинати и како можете да ги надоместите загинат човек освен со споменици, камења кои на живиот човек ништо не му значат или напишаното име загинат за албанска кауза или загинат за македонска кауза. Ништо од тоа не значи за загинатиот човек и за неговите родители, браќа, сестри и роднини. Тоа е вистината.

Но, човек како ќе старее, така ќе сфаќа дека носи тешко бреме на сопствениот грб, носи нечии души, а тоа паѓа на ваша сметка господа.

**Љупчо Јордановски:** За реплика се јави господинот Рафис Алити.

Повелете, имате три мунити.

**Рафис Алити:** Благодарам господине претседател, навистина мило ми е како претходниот говорник лееше крокодилски солзи за моите соборци и за паднатите борци кои паднаа во текот на конфликтот во 2001 година. Но, истиот мило ми е што признава дека Енвер Хоџа во текот на конфликтот кој беше во Грција искажал гостопримство и ги пречекал добро бегалците од Грција кои еден дел, нивен дел се денес и во Република Македонија и ова е еден доблест на албанците кои во тешки моменти да му ја подадат раката независно на кого од своите соседи. Во однос на моралот за бившите команданти најмалку тој нема право да говори, бидејќи ние ги знаеме мотивите на војната, исто така знаеме дека војната на албанците без нивна волја им се наложи. Но, истиот Флоровски дојде во фотељите на овој Парламент и неговата компанија седна на овие фотељи, барајќи гасни комори за албанците низ улиците во Скопје и пошироко, тепајќи ги и тие кои ги чистат улиците во Скопје, говорам за албанци и многу други работи. Додека во однос на згрижувањето, нека не се грижи за тоа бидејќи ние сме тие кои се грижиме и ќе се грижиме во иднина и секако дека еден ден и тие семејства на паднатите борци, или воени инвалиди ќе бидат рамноправни со другите инвалиди од војната, бидејќи ние многу јасно сме рекле дека ние се боревме за да го измениме Уставот кој ги дискриминираше албанците и другите етнички заедници. И тој Устав се измени и секако дека ние имаме обврска и пред албанското население кое претрпе во текот на 2001 година и ние пред нив ќе бидеме и ќе бидеме во иднина пред нашето гласачко тело бидејќи совеста ни е чиста.

**Љупчо Јордановски:** Господине Флоровски имате една минута реплика.

**Александар Флоровски:** Господине Алити, не леам крокодилски солзи, јас едноставно размислувам како човек, не како нечовек, или скот. Не сум човек кој прави лице, ќе ви кажам отворено што мислам. Кога говорев за Енвер Хоџа, тоа е факт и никој не може да го негира, тоа е историски факт кој го говорела и мајка ми и татко ми и дедо ми и сите и тоа е вистината. Тоа сум го говорел и во минатиот и во овој Парламент и не бегам од тоа. Да ни беа таму затворени границите ќе доживеавме масакр. Тоа го говорам јавно пред очите на целата македонска јавност. Во 1999 година 360 илјади албански бегалци ги згриживме овде колку што можевме и умеевме како македонска држава. Само едно да ви кажам, Гостивар го заборавивте вие? Па вие сте денеска коалициони партнери. А кој е тој што говорел гасни комори за шиптари, ние како политичка партија се оградивме. Вметнати структури од државната безбедност го правеа тоа. Не сакам да ги именувам кои се, но можам лично да ви ги кажам ако ве интересира.

**Љупчо Јордановски:** За реплика се јави господинот Џезаир Шаќири.

Повелете, имате три минути.

**Џезаир Шаќири:** Благодарам господине претседател, сакав да му реплицирам на господинот Флоровски во три минути што ги имам, иако се малку. Сакам да му реплицирам во однос на тоа што рече, како почна и зошто почна борбата во 2001 година. Ние сите знаеме дека Уставот на Република Македонија бил детонаторот на овие проблеми. И би сакал да му кажам на господинот, значи не го барајте тоа кај пратениците на ДУИ, почнувајќи од господинот Али Ахмети кој што 18 години бил на Запад и не го доживеал тоа што го доживеало населението од кризните региони, да не говориме за други пратеници на ДУИ, со исклучок на господинот Рафис Алити кој што бил во Радуша во тоа време и ние сме биле присутни од Танушевци до Арачиново. За оваа тема јас би говорел друг пат, затоа што сега не е тоа упатно. А што се однесува на тоа другото, јас сакав да му помогнам на господинот, иако немаме никаков договор и досега не сме си пружиле ни рака во Парламентот како колеги. А причината зошто ДУИ не го поддржува овој предлог закон предложен од ПДП, едноставно, затоа што ДУИ сака да обезбеди уште 4 години на власт со СДСМ. И доколку го врзува партнерот од коалиција, значи СДСМ, да го донесе овој закон во Парламентот, тогаш се разбира дека ќе падне авторитетот на СДСМ и ДУИ и да земе и 20 пратеници, не 16 колку што има сега, нема да може да влезе во Владата. И ова е едноставна работа. Јас ова ќе го кажам со отворени, искрени зборови, дека овие права на овие инвалиди од војната, или цивилното население кое што претрпе во 2001 година, ДУИ го прави само за да му помогне на СДСМ.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Абдулади Вејсели.

**Абдулади Вејсели:** Почитуван претседател, почитувани пратеници, гледам една пасивност на пратениците од владината коалиција. Овде во салата имаме пратеници од опозицијата, а информацијата е наменета до Владата. Ние имаме проблем кој треба да го решиме, проблемот како таков постои.Еден ден, сакале или не ова треба неопходно да се реши. Не можеме да бегаме, можеме да правиме разни малверзации, но ова прашање еден ден треба да се реши. Јас незнам до кога ќе ги одолговлекуваме работите. Многу прашања одолговлекуваме кои одат на штета на граѓаните. Но, да знаете дека со одолговлекување нема да го решиме проблемот. Проблемот постои и во многу случаи ги крпиме состојбите, актуелните состојби, но никако да ги решиме проблемите. И оваа наша информација од ПДП е да го решиме проблемот. Доколку оваа информација не ги интересира пратениците, јас не знам како ќе се врати довербата кај граѓаните на Република Македонија. А еден од критериумите и во Охридскиот рамковен договор е повратокот на довербата на граѓаните во Република Македонија без оглед на нивната политичка, етничка, конфесионална припадност. И што е уште полошо, Информацијата која е на дневен ред на оваа седница Владата одговара многу ноншалантно и дава одговор за едно сосема друго прашање. Почитувани господа, не говориме денес и нашата информација не говори за Законот за кој ни дава мислење Владата. Владата ни дава погрешно размислување за посебните права на припадниците на безбедносните сили. Ние немаме работа со овој закон, ниту предлагаме измени и дополнување на Законот кој го споменува Владата, ниту предлагаме нов закон во овој Парламент, туку ние предлагаме заклучоци кои треба да ги донесе овој Парламент, да ја задолжи Владата во што пократок рок да ни предложи Предлог-закон, или измени и дополнувања на Законот кој го споменува Владата во нејзиното размислување, значи сите граѓани во Република Македонија кои претрпеа од конфликтот во 2001 година да бидат рамноправни. Ова прашање не се случува вака со самото мислење што ни го доставува Владата. Јас сега не сакам да навлегувам во ова иако треба да навлезам, значи во однос на Владата кој учествува во таа Влада и дали се консултирани албанските министри, или не се консултирани, ова е прашање на кое треба да одговорат министрите од актуелната Влада на Република Македонија. Вие знаете дека еве подолго време се занимаваме со оваа проблематика. Овде во овој Парламент два пати се предложи Предлог закон за измени и дополнувања на Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија. Но, секако одговорот беше не, велејќи секогаш дека политичките партии кои се во Владата, дека ние ќе предложиме подобар закон кој закон ќе ги покрие интересите на сите граѓани, или сите граѓани на Република Македонија ќе бидат на едно рамниште. До ден денеска еден таков предлог од Владата не сме добиле и ние како ПДП ги анализиравме на широко и консултирајќи се со многу стручњаци, консултирајќи ги и самите граѓани, тие кои имале последици од конфликтот во 2001 година, дојдовме до заклучок дека доколку ние како ПДП предложиме еден нов предлог закон, тогаш сигурно дека од Парламентарното мнозинство ќе се одбие, затоа што не треба да им се даде правото на опозициските партии да се донесуваат нивните закони во овој Парламент, но ова ќе го направи самата Влада. И, ние сега ја задолжуваме власта, не бараме ништо друго, да расправаме за актуелната состојба, да расправаме за последиците кои ги сносат граѓаните на Република Македонија од конфликтот во 2001 година за да можат тие граѓани да се обезбедат институционално за нивната егзистенција. Значи, во однос на нивните семејства, деца итн. Но, не гледам една таква заинтересираност, како што гледате салата е празна токму од партиите на власт. И јас не гледам дека и многу пратеници од владината коалиција го консултирале овој закон за да можат да гласаат за, или против оваа инфорамција. Ние немаме ништо против, ако

некој дојде со противаргументи кои ќе држат и ќе се спротивставаат на оваа наша инфорамција. И аргументите на некого, некоја дискусија има поддршка со аргументи, ние тогаш ќе се вратиме и ќе кажеме да, вие имате право во однос на ова прашање.Но, ние треба да се соочиме со овие проблеми. Ова е најдобриот момент да се соочиме во овој Парламентарен дом каде што сите сме претставници на народот, да ги искажеме нашите размислувања, да ги кажеме нашите идеи, да се соочиме со различни размислувања и да кажеме дека предлогот на ПДП не е во ред, но доколку има потреба, може да се подобри, ние сме тие кои ќе ги прифатиме и вашите сугетии. Но, јас овде гледам една незаинтересираност која нема став за да се поддржи една ваква информација. И бидејќи нема заинтересираност, јас сум принуден прашањата да ги отпочнам од почеток и да ги кажам причините зошто дојдовме до еден ваков предлог. Не за да обвиниме некого, туку само во чест на реалноста која се случи во 2001 година во Република Македонија.Јас нема да навлезам, бидејќи не е тема на денешнава расправа причините за војната во 2001. Ние сме кажале и можеме да определиме и отворени трибини и парламентарна седница каде ќе говориме за причините. Но, денес ние расправаме само за тие луѓе кои страдаа во 2001, додека нивното прашање не е решено на институционален начин. Ние денес сме сведоци, сите сме живи сведоци дека конфликтот во 2001 година беше еден конфликт меѓу двата етникума во Република Македонија. И ова не можеме да го криеме, ова е една реалност. Но, Охридскиот договор беше тој што ги помири двата етникума во Република Македонија и ја подадоа раката едни кон други, раката на помирување, на разбирање за да продолжиме еден заеднички живот во Република Македонија со еден нов Устав, со нови позитивни закони, не дискриминирачки закони, закони кои нема да го мајоризираат мнозинството над малцинството и заштитата на интересите на тие граѓани кои не се во  мнозинство во Република Македонија. Бидејќи ја подадовме раката за помирување токму Охридскиот рамковен договор имаше и да не се прошири конфликтот во граѓански сразмери, ние денес дали речиси работиме во функција на Охридскиот рамковен договор. Проблемите кои ги нагласуваме, јас ви гарантирам дека не се во функција на Охридскиот рамковен договор. И ние сме многу заинтересирани да ги затвориме прашањата и политичките проблеми и да отпочнеме со други прашања кои се од интерес на граѓаните на Република Македонија, тоа се економските прашања кои се уште не сме ги отпочнале, а трансформациите со се друго што е поврзано со стопанството на Република Македонија. Дури имавме и конкретен предлог до сите политички партии во Парламентот кога кажавме дека сите политички прашања и затворените политички прашања да ги затвориме во една Парламентарна седница, да ги заклучиме , тоа нека трае и еден, два месеци, да ги затвориме сите политички проблеми и да почнеме со други прашања кои навистина се загрижувачки за граѓаните на Република Македонија. Денес граѓанинот на Република Македонија не може да обезбеди егзистенција од 1-ви до 1-ви. Денес се зголемува и криминалот и корупцијата и се што е на штета на граѓаните само затоа што не функционираат институциите кои треба да направат нешто за благосостојбата на граѓаните и од политички и од економски, културен, спортски итн. Затоа ние мислиме во нашата партија во ПДП дека ова прашање навистина ќе пробуди една заинтересираност и во овој Парламент и во Владата за да решиме еден проблем одамнешен кој проблем верувајте ми доколку го одолговлекуваме, нема да се реши, туку секогаш ќе покренуваме иницијатива. Нека не биде тоа ПДП, нека биде таа иницијатива од граѓаните кои ќе направат голем притисок за да се реши овој проблем. Ние можеме да се договориме да не го решиме ова прашање уште пет години. Но, нека знае граѓанинот кој се борел за еден идеал, на која и починал и мажот, а на децата родителот, или обратно и тој граѓанин не знае дека навистина еден дел од од тие кои што учествуваа во конфликтот 2001 од страната на албанците, денес се пратеници и министри, или имаат бенифиции, додека еден албанец кој е убиен во Шипковица, Селце за својот идеал, тој денес е дискриминиран, тој  денес не ги ужива бенифициите кои ги дава оваа држава. Бидејќи рековме дека треба да бидат на едно рамниште, ниту пратеникот, ниту директорот на некоја институција не е попаметен од тој што почитал, или тој што останал како инвалид.

Почитувани господа доколку сме Парламент навистина застапници на граѓаните на Република Македонија, размислете  малку подлабоко и поправично. Да ги заборавиме личните интереси дека сме седнале на овие фотелји, да одиме и да го видиме интересот на граѓаните кои навистина страдаа од конфликтот 2001 година. Вие знаете дека имаме граѓани цивили кои отидоа и во Пороj и во Липково и во Слупчане и да не ги спомнувам сите други населени места кои починаа без вина, кои се масакрираа итн. Но, не говорам само за албанскиот дел, туку овде говорам за сите граѓани. И сега тие граѓани станаа питачи и питаат за гола егзистенција. Тие кои паднаа за идеали сега не треба да бидат нерамноправни со тие кои денес се во Владата кои денес ги уживаат сите бенефиции на институциите. Јас не сум против тие кои се во Влада, во Парламентот, во институциите кои ги уживаа сите бенифиции. Лошо да не бидам разбран, но сакам ние да се бориме заедно, сите други да се чувствуват рамноправни со нас, да не ги делиме граѓаните од било каква етничка припадност: Македонци, Албанци, Турци, Роми итн., затоа што секогаш ни велат, вие сте за тие, вие браните само еден етникум.

За посебните права на припадниците на вооружените сили на Република Македонија, јас во име на ПДП ќе ви кажам, немам ништо против

тој закон, значи семејствата на припадниците на безбедносните сили кои имаат пензии, денес читам им се доделуваат и станови.

Немам ништо против тој закон, семејствата на припадниците на безбедносните сили кои имаат пензии, денеска читам им се доделуваат станови. Не сме против тие, но да не го негирате другиот дел кој што се бореше за еден идеал и тој да има пензија, да се грижи државата за тие семејства, им се даваат станови на тие семејства.

Значи, ние не ги двоиме граѓаните во оваа насока, туку ние бараме институциите да не ги делат граѓаните, едните да бидат повластени, сите добра што им припаѓаат, а другиот дел да го запоставиме и го оставиме на Господова милост. Верувајте ми, тие луѓе останале на Господова милост. Не само тие кои се бореа од другата страна, туку и тие кои беа оштетени во текот на конфликтот во 2001 година, кои останаа инвалиди, говорам за една поширока категорија на граѓани. Доколку ние немаме сенс во овој момент да го измериме пулсот на граѓанинот и треба да го решимеовој проблем, еден голем проблем во Република Македонија, тогаш не знам кога е најповолното време што ќе дојде во иднина за да го решиме овој проблем.

Овде не треба политички маркетинг. Мислам дека мојот колега Рамадани рече дека не сме овде да правиме политички маркетинг. Бидејќи ќе бидеме најподлите кои го користат лошото кај некого за да ја зајакнеме нашата политичка позиција. Не. Овој проблем е широк проблем што треба да се реши. Проблем што треба неопходно да се реши и со наши демократски, политички сили со кои што располагаме, со донесување на некој закон, со што Парламентот ќе ја задолжи Владата да предложи еден ваков закон. Ние можеме да расправаме нешто и да имаме можност да расправаме за овие работи, бидејќи ние оставаме широк простор на Владата за да расправа за овие прашања. Дури, ако сака, нека не консултира и нас. Но, од друга страна може и да предложи некој закон што навистина ќе биде закон што ќе ги има сите предуслови на една целосна национална и граѓанска рамноправност во Република Македонија.

Во Информацијата што ја поднесовме, ја имаат сите пратеници, се работи за една кратка Индорамција, во која што настојувавме да кажеме зошто треба да се донесе или да се предложи еден закон. Ние треба да донесеме заклучоци, какви што сме ги предложиле ние во оваа Инфорамција, па дури тие можат и да се дополнат, ако некој пратеник има желба да предложи некој друг заклучок што ќе ја збогати оваа Информација што ќе биде доставена до Владата на Република Македонија.

Јас би сакал да ги цитирам заклучоците што ние ги предлагаме како пратеници на ДПА и тоа, имајќи предвид дека такви конфликти имале и многу други европски држави, па и пошироко од Европа, имајќи го предвид фактот како тие го решиле овој проблем, консултирајќи многу литература и закони од други држави како таму го решиле овој проблем, ние предлагаме, за да се отстрани било каква дискриминација, да се врши во однос на граѓаните во Република Македонија, по било кој основ, предлагаме, значи ова се заклучоците: "да ја разгледа и донесе Инфорамцијата за состојбата и последиците на граѓаните во кризните региони кои страдале од конфликтот во 2001 година".

Исто така, предлагаме Собранието на Република Македонија да укаже дека треба Владата на Република Македонија, во еден пократок рок да изготви и предложи до Собранието на Република Македонија предлог на закон за посебните права на граѓаните на Република Македонија кои страдаа за време на воениот конфликт во кризните региони во 2001 година.

Овие заклучоци да се доставаат до Владата на Република Македонија.

Навистина, сакам да дадам едно кратко образложение, кажувајќи ја вистината, без да обинам никого, сакајќи да придонесам во оваа состојба, која состојба сите заедно да ја надминеме, бидејќи денеска можеме да одлучиме да кажеме и не, но верувајте ми овој проблем ќе се одолговлечи, но овој проблем еден ден треба да се реши. Дали тоа ќе биде оваа гарнитура, дали ќе биде наредната владина гарнитура по парламентарните избори во 2006 година, овој проблем еден ден ќе се реши. Но, граѓаните ги оставаме со многу големи проблеми, кои страдале во конфликтот, а кои треба да бидат згрижени на институционален начин од страна на државните иснтитуции.

Со ова сакам да привршам, со оглед на тоа што секоја расправа или дискусија што во иднина ќе биде конструктивна и ќе биде на линијата на помош за излез од оваа криза во која се наоѓаат граѓаните кои претрпеле штети, да излеземе со еден заеднички заклучок. Никого не сакам да провоцирам да ми даде деструктивен одговор што нема да придонесе во изготвување на предлогот или донесување на заклучоците што треба да произлезат од оваа парламентарна расправа.

Се заблагодараувам на разбирањето и трпението што го имавте во текот на моето излагање.

Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Вејсели.

Бидејќи го гледате списокот на пријавени, дали некој од овие кои се пријавени во текот на дискусијата на господинот Вејсели се за реплика или за збор?

Господине Џезаир Шаќири имате реплика, повелете имате три минути.

**Џезаир Шаќири:** Благодарам господине претседател.

Сакав да го прашам госпдоинот Абдулади Вејсели, пред да го предложи овој закон во Парламентот, бидејќи знам дека единствениот пратеник од Национал-демократската партија и

како учесник во војната во 2001 година не ми е признаено ова нешто, сакав да знам, кога разговарал еден функционер или пратеникод ДУИ за овој Предлог-закон, дали му дале подршка или можеби му рекле-не можеме да го подржиме ова сега во нашиот мандат, меѓутоа во ова време или во друг мандат тоа ќе го нарпавиме или воопшто тоа не го нагласиле, ќе го остават во заборав, затоа што јас самиот сум знаел дека функционери од ДУИ го знаеле ова, бидејќи имам многу пријатели од војната, бидејќи сум од таму и рекле дека ова не можеме да го подржиме, затоа што ќе се изгуби авторитетот на партнерот од коалицијата.

Сакам да знам, дали имаат на памет пратениците од ДУИ да гласаат за овој закон во текот на овој мандат, бидејќи имаат уште 15 месеци и сега ако има некој пратеникод ДУИ да одговори на ова, има многу луѓе од кризните региони...

**Љупчо Јордановски:** Ова треба да е реплика на господинот Вејсели, а не на ДУИ. Затоа ќе ве прекинам тука.

Господине Мавровски, повелете имате збор.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе.

Почитувани колеги, еве уште еден предлог од господата од Партијата за демократски просперитет, повторно еден предлог за кој што нема да имаме заеднички видување и размислување. Во секојслучај еден предлог што е предизвик за нешто што како Парламент до сега мислам дека требаше да го расчистиме. Да знаеме уште во старт за што, со кого и како се стигнати овие ситуации, да можеме денеска да разговараме за овој Предлог-закон.

Јас би гоприфатил ова што го кажува господинот Вејсели во неговото излагање, дека трансформациите во економиајта сеуштр не се започнати и ќе треба да се седне еднаш за секогаш да ги расчистиме работите, да знаеме кој каде беше, што беше, за што се бореше и како сето тоа заврши. Но, таква работа многу тешко ниоди. Еве и денеска, вие, на оваа пленарна седница покренавте две прашања и повторно, наместо за економија, за трансформација, повторно прашања што задираат во нешта за што сигурно ќе спориме уште многу време, во кои што коалициониот партнер во Владата ДУИ сака или не сака да даде свое решение, ќе го потврди или нема да го потврди она што го кажав Владата, сепак тоа е прашање на Владата и Владата е одговорна пред Парламентот и пред граѓаните на Република Македонија.

Но, во секој случај, од ова што јас го имам пред мене, а го имаме и сите пратеници, се обидов неколку пати да го прочитам, да стигнам до некои сознанија, колку што можам да дадам придонес во оваа дискусија. И јас би сакал, до колку веќе отвораме неколку прашања, не знам зошто така бегло беа поминати и не стигнавме да ги отвориме, за жал остана една голема непознаница, господата од ДУИ се тука со нас, денеска се пратеници, се дел од Владата на Република Македонија, но одговорот што се случи во 2001 година, ние не добивме.

Во 2002 година, пред парламентарните избори многу често слушавме едно исто, дека тоа беше фингирана војна, дека во неа учествувала тогашната коалиција ВМРО-ДПМНЕ на чело со премиерот Љубчо Георгиевски и ДПА и дека тие ја фингирале таа војна и дека тоа било се измислено и сме стигнале во оваа ситуација.

Сега, јас ќе прашам, конечно да ги отвориме тие прашања за 2001 година, затоа што и од господата од ДУИ добиваме различни одговори:

Прво, дали е тоа граѓанска војна? Вие кажавте дека тоа било војна на два етникуми.

Господине Вејсели, јас морам да ве поправам. Да викажам дека во неа учествувале и она што вие кажувате дека се донесени два закони, еден Закон за припадниците на безбедносните сили, "Службен весник на Република Македонија" број 2 од 2002 година, кој што е поправан уште два пати во "Службен весник" од 2003 година број 17 и 2004 година под број 30. Значи, под "припадници на безбедносните сили на Република Македонија во смисла на овој закон се определени: војник на отслужување на воениот рок, професионален војник, воен старешина и цивилно лице на служба во постојаниот состав на Армијата на Република Македонија, униформирано лице од Министерството за внатрешни работи, како и лице со посебни должности и овластувања вработено во Министерството за одбрана и во Министерството за внатрешни работи ивоен обврзник во резервниот состав во Армијата на Република Македонија и Минситерството за внатрешни работи кои организирано учествувале во одбрана на независноста, територијалниот интегритет и суверенитетот на Република Македонија и во спречување на насилно уривање на демократските иснтитуции утврдени со Уставот на Република Македонија сметано од 1 јануари 2000 година". Тука мислам дека е се толку јасно, толку чисто и толку прецизно кажано.

Сега, јас ќе ве замолам да кажете дали воовие регуларнисили на Армијата на Република Македонија, во Минситерството за внатрешни работи не постоеја луѓе од тој етникум на кој што и вие припаѓате? Јас мислам дека постоеа и мислам дека ја бранеа, застанаа во одбрана на територијалниот интегритет. Тука апсолутно нема дилеми дека тие беа и од нив има луѓе кои загинаа од другите етникуми кои не го претставуваат македонскиот народ, загинаа на таа борба на страната на оние кои го бранеа уставниот поредок. Тоа е факт, тоа е вистина.

Значи, граѓанска војна, очигледно не може да има, затоа што граѓанска војна мора да се случи меѓу два етникуми и ова што гокажувате вие, во случајов апелирате помеѓу македонскиот народ и Македонците од албанско етничко потекло во Македонија, што апсолутно тоа не се случи, затоа што иамше луѓе кои го бранеа уставниот поредок,

независноста и територијалниот интегритет. Тоа треба да го кажеме.

Е сега, под второ, дали е ова востание? Вие кажавте, детонатор на сите овие активности е токму лошиот Устав што ги кршел правата на Албанците во Република Македонија. Тука е една уште поголема дилема, затоа што во времето кога се случуваат овие активности во Владата на Република Македонија, токму Македонци од албанско етничко потекло, од албанскиот етникум се наоѓаат на место министри, раководат со Владата, се наоѓаат во ова Собрание, говорат исто како вие сега што говорите и ги барате овие закони, а вие сигурно бевте дел од тоа Собрание, барем знам, како ПДП. Бевте дел од тоа Собрание. Имавте можност да интервенирате и во Уставот, во закони, со амандмани и со сите останати активности, доколку почувствувате дека тука има некои проблеми за кои што во Македонија треба да се проговори.

Начинот на кој што дел од сегашните пратеници на Демократската унија за интеграција го кажуваа во јавните гласила дека еве, ние видовме, дигнавме востание, се боревме против Уставот, Уставот се промени, ние сме победници. И, тука приказната завршува.

Е сега, кога стигнуваме до ова што вие го предлагате денеска, во Предлогот на закон многу добро стои дека со член 166, како што одговара Владата од Законот за облигационите односи се утврдува дека штета настаната од смрт, телесна повреда или оштетување односно уништување на имотот на физичко илиправно лице, поради акти на насилство или терор, како и при јавни демонстрации и манифестации, одговара државата. До тука е се во ред.

Организаторите, учесниците, поттикнувачите и помагачите во актите на насилство или терор во јавните демонстрации и демонстрации што се насочени кон подривање на уставното уредување, немаат право на надомест на штета, според оваа основа. Тука влегувате сите вие. Затоа што јас не видов некој документ до сега да не биде ова како што се организирани и како што се донесени законите за силите за безбедност. Тука, апсолутно е ова токму така и државата има право и обврска да бара надомест на исплатениот износ од лицето кое ја предизвикало штетата.

Е сега, во Република Македонија, во меѓувреме се донесе амнестија. Сега никој не одговара. Сите сте прави. Поправи од тие кои ја бранеа државата, вие сте сега тие кои можете да кажувате, да носите некого во апс, а тие коија бранеа државата, кои биле минситри во Владата на Република Македонија треба да одговараат за злодела во тие воени активности. Дали ова некаде се случило, јас не се сеќавам. Мислам дека таква работа нема и нема ни да има, затоа што луѓето знаат да ги бранат своите интереси многу надвор од територијата на сопствената држава, а не во сопствената држава.

На крајот, ќе ве прашам уште едно, дали е ова упад од Косовскиот заштитен корпус на кој што, во содејство соодредени елементи од тогашната ОНА, УЧК, АНА против уставниот ред и поредок на Република Македонија или пак повреда на територијалниот интегритет? Тоа треба јавнода се каже.

Ако е тоа така, тогаш треба да проговориме. Вие, како предлагачи на ова што го барате како Инфорамција и ние како пратеници за да донесеме одлука, имаме еден голем проблем. Проблемот е во тоа што на страната на оние кои ја бранеле државата и уставниот поредок се знае бројот на жртвите, се знаат нивните семејства, се знае колку и што е направено.

Е сега, од другата страна, ние не знаеме прво кој е виновникот за да се случат овие убиства, овие загинувања на овие припадници на Армијата и на Министерството за внатрешни работи, не знаеме за колку луѓе говорите тука, колакв е бројот на жртвите во тие интервенции или акции на Армијата и Минситерството за внатрешни работи, колку луѓе се ранети и кој е виновникот и кој е тој кој треба да плати за штетата што настанала кај тие луѓе.

Сега тука доаѓаме до едне многу интересн конфликт на интереси, а тоа е конфликт наинтереси кај луѓе кои го предизвикале тоа, значи тоа е членот 166 од Законот за облигациониодноси, денеска ја претставуваат Владата на Република Македонија. И сега, кого тие ќе бранат? Нормално е да се бранат самите себе си прво, а потоа другите кои загинале, кои биле ранети, но не знам што ќе се случи со нив, ќе најдат начин како да гиобештетат.

Господинот Флоровски кажа, многу споменици познаваме во Република Македонија, ги гледаме, но од нив има само камен и железо и многу малку достоинство кај нас да ги испочитуваме. За жал, овој споменик што требаше да биде изграден за луѓето кои загинаа и ја бранеа слободата на Македонија 2001 година, сеуште не можеме да најдеме парцела каде ќе го изградиме.

Вие во меѓувреме успеавте како Влада или како дел од оваа коалиција што е на власт да си направите неколку такви споменици, да се сликате и да покажете сила и моќ дека тоа е ваша победа и дека Охридскиот договор на кој што и сега се повикувате претставува дел од победата на едниот етникум врз другиот, што апсолутно за мене е неприфатливо, затоа што се она што се случи и што беше лошо во воените активности се случи токму во тие денови кога воопшто не требаше да има никакви активности, тогаш загинаа и луѓето од Прилеп, пред тоа масакрирани луѓето од Битола, но во секој случај виновникот за се она што се случуваше ние не го лоцираме или не сакаме да го лоцираме. Можеби го гледаме пред нас, тука има команданти, има луѓе што воделе единици, кои што биле на терен, кои што знаеле како се случува и зошто се случува, колку пати преминале на Косово, или во

Албанија, или не знам каде, тоа е нивни проблем, но во секој случај ако вие на таков начин сакате да ги решавате проблемите, а упорно гледам дека се настојува и на тоа, во Европа во моментот има толку народности или етникуми како што вие сакате да ги крстите, кои што не се задоволни од владеењето во нивните држави и остварување на своите права, така да Европа во секој момент би требало да има некаде војна, дали е тоа Ирска, дали се тоа Баските, дали се тоа Фландрите, дали се Фламанците, дали е Германија и не знам уште колку народи не го постигнале сето тоа. Говорите во вашето известување дека ова што вие ни го понудивте, вакви закони биле донесени во други држави каде имало случај на граѓанска војна или слични конфликти, но не кажавте ниедна држава каде што имало вакви и слични конфликти и не кажавте ниедна држава каде што имало граѓанска војна и некој да ги оствари неговите права, да биде тука во Парламенто, да ја води оваа држава и да биде во оваа Влада. Такви држави јас не знам, но знам многу добро дека и после 57 години и покрај 20 - 30 илјади жртви некој не може да ги посети гробовите на тие што загинале како прво;

второ тие имоти веќе ги заборавиле, не постојат, избришани се и од картата на живите и од картата на умрените, нивните гробови нема кој да ги посети, ниту свеќа да запали и се говори за егзодус, за деца кои тогаш имале една, две или десет години. Поминале 57 години тие останаа уште деца бегалци. Вие ги имате сите права, успеавте за 2-3 месеци да го промените Уставот, да промените се и не знам што се тоа толку беше проблематично во Република Македонија да не може да се реши со закон и да донесеме тука како луѓе решение за правата кои што апсолутно после тоа не ги гледам дека се зголемени во таков обем да сега Република Македонија има две Македонии, вие ја сакате, колку ја сакате, до неќни сакавте еден дел, сега сакате цела Македонија, љубовта се зголемува и тоа е повеќе од очигледно, но во секој случај посесијата е една од човековите особини и тоа е нормално, но не е нормално за партија, но во секој случај тоа е тоа.

Во самата изјава понатаму кажувате дека потребата од проширување на посебните права и за оваа категорија на граѓани од Република Македонија претставува уставна, законска и меѓународна обврска.

Уставна обврска, од Уставот ги прочитавме членовите и тука треба да одговара тој што го направил злоделото, виновникот, не го ослободува ништо апсолутно и тоа е тоа што денес може да биде дел од Владата, вчера не бил. Сега можеби некој друг во Република Македонија во моментот размислува дека овој Устав е апсолутно против него, против нивните размислувања и овој Устав е детонатор, како што кажа колегата Шаќири некој повторно да се крене и да добие некој други права и овластувања. Што е тука меѓународно? Учеството на Косовскиот заштитен корпус? Учеството на луѓе кои што не беа граѓани на Република Македонија, за кои што не знаеме дека загинаа на територијата на Република Македонија? Колкав бил нивниот број? Тоа е прашање кое сега сите нас не мачи. Владата не одговара три години, пред тоа беше фигирана војна до 15 септември, а сега веќе не знам што е. Сега веќе се јавува проблем, некој тука нека ми објасни и многу тешко дека ќе можете да објасните дали беше граѓанска војна, дали беше напад од надворешни агресори во кој што се приклучија одреден број на граѓани, но во секој случај со ова што го приложувате како информација е доказ дека во оваа држава имало жртви и имало некои цивили кои што биле оштетени на територијата на Република Македонија. Кој е тој виновник, колку се тие луѓе и за кого ние тука разговараме? Ако некој излегол против уставниот поредок, излегол да ја руши оваа држава и сега ние треба да носиме закон, кој што како кажувате и меѓународен, не знам зошто меѓународен, значи треба да донесеме закон со кој што ние ќе го заштитиме и ќе дадеме морално право на било кој што утре нема да биде задоволен од Уставот на Република Македонија да си земе за право да собере 100-200, поддршка од меѓународни фактори и повторно ќе го имаме истото. Значи, не завршивме ние тука. Имплементацијата на Охридскиот договор и ова што го кажувате секој ден гледаме се повеќе и повеќе закони кои што апсолутно немаат ништо заедничко со она што вие го кажувате Охридски договор. Сите ние можеме да го читаме Охридскиот договор и Уставот на Република Македонија како што сакаме, но еднаш кажете и овде да разјасниме и да расчистиме. Да кажеме до тука е црвената линија и после тоа не може повеќе. Тогаш, ако сте вие лојални граѓани, претпоставувам дека сте во овој Парламент, лојалноста никој не ја купува со тоа што ќе добие пензија, или ќе добие работа, или ќе се избрка Македонец ќе влезе Албанец на работа. Тука лојалност добива едниот, лојалноста кон државата ја губи другиот. Значи тука е проблемот и тука треба да бидеме сите свесни за што се работи. Не да се гледаме самите себе, туку да ја видиме реалната состојба и она што претставува реалност во Република Македонија. Тоа не го гледаме, за жал.

Значи, сето ова што вие го кажувате не ми дава за право како пратеник да го земам во предвид и да ве поддржам во оваа иницијатива. Можам да ја поддржам иницијативата и ова што го барате од Владата да биде проширено не само за овие луѓе кои што се само еден дел од она што значеше криза во Република Македонија и се жртви на она што се случи во 2001 година, значи, моето прашање е генерално да го отвориме и да кажеме што всушност се случи во 2001 година? Граѓанска војна, востание, упад од надворешна земја или протекторат на Обединетите нации и да знаеме како понатаму ќе ги решаваме овие проблеми, затоа што цивилните жртви се оние што најмногу страдаат после било какви воени

дејствија. Тој што бил во војна, вие кажавте, некој имал идеал, некој имал интерес, некој имал корист. Некој го донел таму, но одговорноста е негова. Сега да ја лоцираме вината и одговорноста. Тие се луѓето треба да ги исполнат обврските што ги преземале кон овие господа, кои што станале инвалиди, кои што го загубиле својот живот и кон нивните семејства. Тука е таа обврска што државата кон оние припадници на вооружените сили што ја бранеле Република Македонија ја презема, а за другата јас мислам тие што беа команданти, тие што сега се во Владата на Република Македонија треба да им презентираат на граѓаните на Република Македонија што направија и што треба понатаму да се прави.

Ова што го кажавте во однос на гостопримството јас уште еднаш ќе ве потсетам господине Алити, од Македонскиот народ погостопримлив јас мислам дека нема, тоа го почувствувавте и вие и вашите сонародници кои што дојдоа повеќе од 360 илјади во една ваква сиромашна држава. Се обидовме со сите сили да продолжиме и можеби таа е една од факторите што сме толку добри да не сакаат сите соседи. Како не сакаат, исто како и вие, многу посесивно така да тука апсолутно немаме проблем ни со Бугарија, ни со вас, ни со Грција, ни со Србија. Затоа размислете, вие сте граѓани на Република Македонија, во јавноста нема ниту да ја покачите во ова, ниту ќе го решиме сега, но да го решиме проблемот и да ставиме тука една црта после која што нема да има дискусии во овој Парламент, туку ова што го кажа господинот Вејсели и што го очекував три години да расправаме во Парламентот - економија и развој на Република Македонија. Без разлика кој ќе дојде на власт 2006 година, ова веќе станува уништување на државата.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Рафис Алити, имате три минути реплика.

**Рафис Алити:** Благодарам господине претседател,

Бидејќи пратеникот ме повика со име и презиме најнапред би му кажал дека ние не сме Македонци со албанско етничко потекло, туку сме Албанци со етничко потекло и кои сме тука од поодамна.

Често пати се слуша во ова Собрание дека Македонија или ние како држава укажавме добар пречек во текот на војната на Косово, гостопримство јас би го потсетил господинот Мавровски дека тој не ги отвори вратите на неговата куќа за бегалците од Косово. Напротив неговата партија и коалицијата неколку пати ја затворија границата и многумина од бегалците настрадаа на самата граница, каде имаме и починати граѓани. Господине Мавровски вие на Косоварите не им дадовте ниту една чаша вода.

Напротив, вистина е дека во Македонија имаше толкав број Косовари, но тоа беа албанските семејства кои ги пречекаа. Ова не е лошо да го злоупотребите и во иднина, бидејќи во текот на тоа време Македонија имаше полза од бегалците од Косово, бидејќи многу бенефиции било од меѓународните организации, било од бегалците кои дојдоа овде од економски аспект Македонија имаше и полза. Ова вие не го кажувате.

Во однос на Косовскиот корпус, за кој долго време се говори дека имаше инвазија однадвор или интервенција од Косово итн, да бидете убедени дека работите не стојат така. Доколку сакате да ги отвориме и тие теми зошто се случи 2001 година и за да им биде јасно на сите добро е да се отвори таа тема. Сигурно дека со аргументи ќе ви кажеме зошто се случи 2001 година.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам претседателе.

Без раслика што вие меѓу вас се викате шиптари сепак јас мислам дека сте жители и граѓани на Република Македонија. Тука апсолутно за мене нема дилема, јас и понатаму ќе си го задржам моето право, вие сте македонци со албанско етничко потекло и тоа ќе го задржам за мене.

Во однос на гостопримството јас мислам дека не е коректно, затоа што од тие 360 илјади само 12 илјади, тие што мислите дека ви помагаа успееја да ги земат на запад, во меѓувреме можеби се повторно вратени на Косово, другите повторно останаа тука, или останаа во вашите домови, а другите беа на територијата на Република Македонија. Тоа е факт, а како држава што некој не сакаше да ги прими можеше да ги затвори границите така да ниеден од тие 360 илјади не влезе, но тоа не се случи.

Јас морам да се извинам дека по европските стандарди на тие кампови немаше тениски терени и тоа не успеавме до крај да го направиме за да можеме и експресо автомати да ...

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Вејсели, имате три минути.

**Абдулади Вејсели:** Господине Мавровски вие немате право кога разговарате дека според сите меѓународни права сте можеле да ги затворите границите, затоа што според сите меѓународни права, границите треба да бидат отворени доколку има конфликти во соседни држави...

**Љупчо Јордановски:** Немате право на контра реплика, дајде реплика на неговото излагање, инаку нема да ви дозволам.

**Абдулади Вејсели:** Секако. Забелешките кои што ги дадовте мислам дека беа повеќе надвор од таа информација или заклучок кои што ги предлагаме ние денес пред вас.

Ние со овој наш предлог не се занимаваме со причините, туку се занимаваме со последиците, или она што луѓето го претрпеле после тој конфликт и не е решен нивниот статус на институционален начин.

За причините има можност да се разговара и затоа нашиот заклучок дава широк простор на Владата и таа ќе биде обврзната од страна на овој Парламент да изготви предлог на закон кој што ќе дојде повторно во овој Парламент за да се дискутира од страна на пратениците во овој парламентарен состав.

Се согласувам со еден дел каде вели дека Владата нема дадено соодветен одговор, меѓутоа не се согласувам со делот каде велите дека Владата има дадено одговор кој што се однесува на членот 166 од Законот за ..., закон што е на втората страна на мислењето.

Мислам дека Владата тука воопшто нема право.

Прво, проблемот е постоечки проблем. Проблемот треба да се реши. Дали Владата ќе даде позитивно мислење или негативно мислење, како што дала во овој случај тоа е нејзино прашање. Да бидеме малку повнимателни ние пратениците во Парламентот и да ја задолжиме Владата да и кажеме вие овој пат немате право затоа што сте дале мислење кое што не кореспондира со реалноста што се случува во Република Македонија. Да не бидеме сервис на Владата, туку да го кажеме нашиот збор како пратеници, како луѓе на народот, затоа што народот одговорноста ја бара одговорноста затоа што народот ги има избрано пратениците. Потоа пратениците избираат Влада. Ајде заедно на оваа Влада да и кажеме вие имате грешка со мислењето што сте го дале за Предлогот што го има дадено ПДП. ПДП во оваа насока има многу право затоа што сака да го реши проблемот за сите граѓани во Република Македонија да ги стави на исто рамниште пред законот. Ова е тоа што треба ние денес да го направиме. Потоа јас дадов ...

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе.

По меѓународните права за да се отвори границата колегата Флоровски кажа колку луѓе загинаа во Преспа, не можеа ни да се избројат, а границите требаше да бидат отворени.

Од друга страна вие говорите само за последиците. Господине Вејсели без причини нема последици. Ако ние не знаеме кој е виновникот, ако не знаеме која е причината како можеме да говориме само за последиците. Тоа е основното за кое што јас цело време се обидувам да ви укажам. Ние да бидеме сервис на Владата, господине Вејсели што ви паѓа на памет? Ниту сум бил некогаш сервис, ниту ќе бидам и ако може секогаш против секоја одлука на Владата, барем онаа што е против граѓаните што не бирале. Затоа тука немам апсолутно никаква дилема. Ако држи предлогот јас ќе стојам на ваша страна, а моите забелешки се да ги најдеме причините за да можеме да говориме за последиците. Тоа е основното во моето излагање.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Којзеклиска.

(Пратеникот Абудулади Вејсели бара збор процедурално)

Што има процедурално. Во што е, процедурата е во ред.

(Господинот Љупчо Јордановски ја моли госпоѓа Којзеклиска да дозволи три минути за реплика, бидејќи таа веќе е излезена на говорница).

Повелете процедурално, да чујам.

**Абдулади Вејсели:** Благодарам господине претседател.

Процедуралното е следното.

Со информацијата која ја презентиравме во овој Парламент ние не побаравме мислење од Владата за оваа информација. Ние како Парламент очекуваме Владата да ги прими нашите заклучоци кои ги имаме како Парламент и понатаму да ни одговори со закон, или со мислење дали може да изготви, или не може да изготви нов закон. Јас не знам зошто ова мислење дојде од Владата. Кој побара мислење од Владата?

Мислењето за информацијата во врска со информацијата може да го даде Парламентот и Парламентот може да донесе евентуално заклучоци, кои ние ги предлагаме, да ги донесе овој Парламент и после да се задолжи Владата да ни изготви закон. Ова е процедурално со самиот факт, бидејќи денес оваа наша информација се злоупотребува од многу говорници и велат дека нема информација зошто се случи војната и каде се случи војната. Информацијата има наслов и спремни сме ние како Парламент да ја задолжиме Владата и жалам како е можно пратениците колеги кои овде се повеќе и од три години да не го читаат насловот на информацијата и што се бара со информацијата.

Во Информацијата има наслов, спремни сме ние како Парламент да ја задолжиме Владата и жалам како е можно пратениците колеги овде се по три години и повеќе не го читаат насловот на Информацијата. Што се бара со оваа Информација? Треба да се придржуваме кон ова, дали сме за тоа тие кои страдале, а тие кои страдале се инвалиди и семејства кои страдале во текот на војната, па затоа ние треба да имаме институционално згрижување. Ако некој почне овде да ни објаснува и во 1948, 1945 година и за други војни, тогаш темата е промашена, промашено е тоа што е наша цел со оваа Информација. Жалам што Владата го има промашено мислењето. Што ни треба нас мислење од Владата, ние не сме барале мислење од Владата. Од Владата бараме закон, па ако можат да ни понудат, нека ни понудат.

**Љупчо Јордановски:** Е, господине Рамадани на ова ќе ви одговорам. Ако е ова процедурално требаше да го кажете пред да почнете со точката. Тогаш можевте тоа да го објасните дека Информацијата односно мислењето од Владата

не е валидно за оваа расправа. Инаку, да ви кажам по Деловникот се нешто што се задолжува Владата и се нешто што е закон од пратеници, јас го испраќам до Владата. Нивно е тоа дали тие ќе дадат мислење, ние имаме закони, каде што нема мислење од Владата. Тоа е по Деловникот. Молам, дали Владата сега го дава своето мислење или пред два дена или пред две недели, тоа е веќе прашање на тајмингот. Одговорност и неодговорност, Владата се изјаснува по оваа Информација, бидејќи ја добива по Деловникот од Парламентот и јас сум ја испратил и сум ја потпишал. Како што и сите закони кои што се предлагаат. А, имаме закони за кои Владата не дава мислење, ниту има претставници, па опозицијата често бара ако има нивни закони, да има претставник. Не може таа да бара од Владата. Затоа, велам господине Вејсели, процедурата воопшто не е прекршена, а вие кога ја отворивте оваа расправа, јас не бев тука, следев од телевизијата, вие можевте да очекувате и вакви расправи од страна на опозицијата. Не гледам дека тука е нарушен Деловникот, ниту е нарушена процедурата. Што требаше да се стори. Јас одговорив на процедура и сега вие можете да бидете задоволни или незадоволни, јас ја продолжувам расправата.

Пратениците се овде да одбијат и да не прифатат, а вие ако сметате дека тоа е некое прејудицирање, тоа е ваша работа. Пратениците се овде да прифатат или да не прифатат. Тоа што Владата го објаснува дали ова овде што се бара во Информацијата и како заклучоци е по нивно мислење е регулирано веќе или не е веќе регулирано. Вие сметате дека не е регулирано, Информацијата е дадена, јас сум ја ставил на дневен ред како што е по Деловник и сега расправаме. А, што ќе се расправа и како ќе се расправа, тоа право не можете да го скратите, освен што можеме, бидејќи темата навистина е деликатна и широка, можам само да прекинам ако има навредливи зборови и исто така тоа да биде и поука. Велам ако има навредливи зборови, јас прекинувам било каква дискусија. Сега, не давам процедурално, господине Рамадани, бидејќи јас ви објаснив по Деловникот, вие ја објаснивте процедурата, а јас ви одговорив по процедурата.

Повелете госпоѓо Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе, ако ми давате збор, да можам да почнам.

**Љупчо Јордановски:** Почнете.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам.

Значи, за да нема забуни почитувани колеги Абдулади Вејсели и Исмет Рамадани, јас ќе го прочитам името на Информацијата, за да знаеме за што се работи. Тоа е Информација за состојбите и последиците на граѓаните од кризните региони претрпени од воените дејствија во 2001 година. Значи, тоа е насловот кој колегите пратеници од ПДП го имаат поднесено како Информација до Собранието на Република Македонија. Е, сега, почитувани колеги пратеници, Вејсели и Рамадани морам да ви кажам дека се сложувам со претседателот Јордановски дека ова е широка тема и самата Информација вие ја започнувате со, од конфликтот во 2001 година и тн. Значи, за да расправаме по оваа Информација ние мораме да се вратиме на конфликтот 2001 година и немате право според мене да наоѓате забелешки на дискусиите на колегите за она што се однесува за конфликтот 2001 година. За да знаеме за што зборуваме во оваа Информација или за оние кои не ја прочитале оваа Информација, бараат почитуваните колеги Абдулади Вејсели и Исмет Рамадани граѓаните, бројни граѓани на Република Македонија без нивна вина претрпеа разни оштетувања на  организмот и тн. Во ставот 4 се вели дека Собранието го донело Законот за правата, посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства. И покрај тоа што со овој закон за посебните права на припадниците на безбедносните сили и на нивните семејства претрпел некакво изменување, меѓутоа, со тие изменувања не е опфатена категоријата на граѓани кои биле жртви или претрпеле последици од вооружениот конфликт. Вака сега како што сте ја напишале Информацијата, многу перфидно го користите терминот "граѓани" кога вам ви одговара за да добиете политички поени тогаш сте граѓани на Република Македонија. А, инаку, постојано се бара да се користи терминот "припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија", независно дали вие меѓу себе се нарекувате албанци, шиптари, тоа мене апсолутно не ме интересира. Но, со она што фактички го правите и што ги поднесувате законите во Собранието на Република Македонија, секогаш и иницијативата, основата за поднесување на тие закони се токму вечно неостварените права на албанците во Република Македонија. Искрено да ви кажам коста не да ми се крева од правата на угнетените албанци во Република Македонија, ми падна искрено да ви кажам. Е, сега конфликтот 2001 година, не сум учествувала во конфликтот, како што има колеги пратеници Џезаир Шакири на пример се декларира како учесник во војната, во конфликтот 2001, Рафис Алити исто така учесник во радуша и така познат по надимак командант Масуси и тн., меѓутоа, ќе зборувам за конфликтот тоа што јас го знам и поправете ме ако не е така, од тие што учествувале непосредно во конфликтот. Значи, зошто настана војната во 2001 година. Некои од припадниците на албанските политички партии, јас ќе ги цитирам. велат дека е тоа заради територија. Дали е така и граѓаните на Република Македонија и пратениците во Собранието на Република Македонија сметаат голем број од нив дека причината за војната се териториите Западна Македонија, конкретно Западна Македонија. Во источниот дел од оваа страна на Вардар така ви е малку подалеку, значи ви останува западниот дел на Македонија.

Второто прашање, кој ја предизвика војната, Марија Којзеклиска сигурно не ја предизвикала војната во 2001 година. Факт е дека тоа беше ОНА, УЧК, АНА, КЗК и веќе не знам кои се вооружени терористички групации кои беа така нарекувани од меѓународните фактори, не од мене. Тие први го употребија терминот "терористи". Кои беа двете страни во војната, значи пак ОНА, АНА, КЗК, УЧК од една страна и припадниците на безбедносните сили, вклучувајќи ги Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Којзеклиска, ајде сега малку да се вратиме наназад.

**Марија Којзеклиска:** Еве, претседателе поминаа три минути или пет минути.

**Љупчо Јордановски:** Пет минуги поминаа и јас мислам дека е доволно и ве молам сега за барањето во врска со Информацијата.

**Марија Којзеклиска:** Секако, за барањето, за правата на бројните граѓани на Република Македонија, кои без нивна нивна претрпеа...

Претседателе, оставете ме да зборувам јас.

**Љупчо Јордановски:** Едноставно, не ви личи во таа смисла, малку сте агресивна како дама.

**Марија Којзеклиска:** Тоа е прашање за кое ќе судат други. Не сте сигурно вие и за тоа одговорни дали ми личи мене или не ми личи.

Значи, дали тие луѓе кои загинале, биле ранети, останале инвалиди знаеле зошто се борат во конфликтот 2001 година. Тоа е многу важно прашање. Овој кој бара многу мажи во Република Македонија до сега не се покажа како маж да каже што се случи во 2001 година, а сега е претседател на Република Македонија, токму претседателе, причината за оваа информација, ако не сте знаеле, е конфликтот во 2001 година. Така што, не сакам во понатамошната моја дискусија да ме прекинувате.

**Љупчо Јордановски:** Само ви велам да бидете елегантни.

**Марија Којзеклиска:** Јас сум секогаш елегантна.

**Љупчо Јордановски:** Зборовите да ги избирате, бидејќи сепак сте дама.

**Марија Којзеклиска:** Меѓутоа, темата е многу чувствителна и тогаш се ежам. Тогаш не сум елегантна.

**Љупчо Јордановски:** Покрај тоа, мислам дека имате убава фризура, па не мора коса да ви се дига на глава, полека.

**Марија Којзеклиска:** Ама, ми падна, претседателе косата, почна да ми паѓа многу често.

Значи, конфликтот 2001 година, да се вратиме на темата и да бидеме малку сериозни, многу од почитуваните колеги пратеници од ДУИ велат дека било борба за човекови права. Е, многу, многу сакам да знам што немаше во Уставот на Република Македонија, што не се спроведуваше, во кој закон албанците беа обесправени до толку многу за да го предизвикаат конфликтот во 2001 година. Многу сакам да знам од колегите од ДУИ што тоа во Уставот им сметаше. И, како што вели почитуваниот колега Спиро Мавровски, од каде јас да знам дека утре и овој Устав нема да им се бендиса и пак да отвори војна и пак да направи конфликт.

Јас искрено да ви кажам многу ги почитувам колегите Рамадани и Вејсели како колеги, меѓутоа, не можам да разберам како можат да стават знак на еднаквост. Од една страна на оние луѓе припадници на безбедносните сили кои го бранеа суверенитот и територијалниот интегритет на Република Македонија утврден со Уставот и претходниот и сегашниот Устав, значи еднакво па припадници на вооружени терористички групи, како резултат на кои настана конфликтот во 2001 година, го сменивме Уставот и тој многу зборува не деклариран Охридски договор.

Почитуваниот колега Вејсели зборуваше за некои идеали, иако не беа спомнати во информацијата, меѓутоа, зборуваше за некои идеали за оние кои биле убиени, ранети или останале инвалиди од војната, сега се прашувам за каков идеал ние зборуваме кај тие луѓе. Нивен идеал беше, се докажа дека беше, не измислувам ништо. Да ја присвојат територијата на Западна Македонија. Тој идеал е анти државен, тој идеал е анти уставен, тој идеал е надвор од сите нормални граѓански норми кои постојат во Европската унија, на која толку многу се повикуваат почитуваните колеги од ДУИ. Па, јас колку што знам припадниците на безбедносните сили го бранеа се она кое го напаѓаше ОНА, АНА, преточени во сегашни ДУИ. Значи, го бранеа и суверенитетот и Уставот и територијалниот интегритет на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Којзеклиска, информацијата ја поднесоа двајца пратеници од ПДП не ја поднесе ДУИ. Ве молам, не вклучувајте во расправа некој кој воопшто не ја поднел оваа информација.

**Марија Којзеклиска:** Како претседателе, воопшто не ја поднел, заради нив конфликтот во 2001 година и сега Вејсели ја поднел. Па, конфликтот во 2001 година е причина за ова. Немојте, ве молам, да се однесувате така.

**Љупчо Јордановски:** Ве молам, зборувајте за информацијата.

Повелете.

**Марија Којзеклиска:** Кога веќе сум кај информацијата зошто тогаш почитуваните колеги Абдулади Вејсели и Исмет Рамадани не бараа досега, не со оваа информација, ако се за правен систем, поредок, почитување на Уставот и законите, она што е наведено во мислењето на Владата "Државата има право и обврска да бара надомест за исплатениот износ од лицето кое ја предизвикало штетата", така е наведено во Законот член 166, како и од она претходно што беше наведено за организаторите учесници итн. Значи, државата има право и обврска да бара надомест. Зошто тие, почитувани колеги, досега

не бараа надомест или не покренаа постапка господинот претседател на еден од коалиционите партнери со иницијали АА, да не зборувам за име, да биде обвинет токму за надомест на штета кој има предизвикано тој на државата Република Македонија. Јас се сложувам со фактот, мислам ќе го информирам господинот Исмет Рамадани, пошто тој е присутен, дека она што го кажа господинот Рафис Алити е точно дека членовите на ДУИ се грижат за инвалидите, за семејствата на граѓаните кои загинале во конфликтот 2001 година кои се албанци и тоа се грижат заради тоа што одреден процент, ако не сте знаеле  да ве информирам, одреден процент од провизиите на јавните тендери одат во т.н. фонд за бившите борци на ОНА. Натаму, дека тие луѓе добиваат каква-таква накнада, а немаат право институционално, како што барате вие во Информацијата, согласно Рамковниот договор 2 прекин точка 2, прекин на непријателствата и сега ќе ви прочитам зошто. "Странките го истакнуваат значењето на заложбите од 5 јули 2001година, ќе имаат целосен прекин на непријателствата, целосно доброволно разоружување на етничките албански вооружени групи и нивното целосно доброволно распуштање". Значи, почитуван колега Рамадани во самиот Рамковен договор стои која е другата страна од конфликтот оквалификувана како етнички албански вооружени групи. Значи, апсолутно не постои правен основ оваа информација да помине вака како што сте ја предложиле.

Од тие причини нема да ја поддржам информацијата.

Благодарам.

(Со седницата продолжи да претседава потпретседателот на Собранието на Република Македонија господинот Слободан Најдовски).

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Којзеклиска.

За пратеникот Рафис Алити, три минути реплика.

**Рафис Алити:** Благодарам господине потпретседател,

Иако, навистина, не сакам да полемизирам со колешката, но неколку пати се повика на терористички групи итн, наводно и меѓународниот фактор во бившата ОНА ја именувал така, значи нешто што не држи. Таа на крајот на својата дискусија се демантира самата себе си. Бидејќи, во сите документи меѓународни или странските дипломати во текот на времето кога дојдоа во Република Македонија, бившата ОНА ја именуваа во вооружени групи. Тоа значи дека и овде во Собранието на Република Македонија е донесена резолуција со која во тоа време е забрането тие групи да се именуваат како терористички групи.

Причините зошто дојде до конфликот во 2001 гдина итн. јас тоа му го кажав на колегата Мавровски ќе и го кажам и на госпоѓа Којзеклиска. Нека побараат да биде на дневен ред и сигурно ќе им дадеме образложение, во однос на тоа прашање. Но и на госпоѓа Којзеклиска и на другите треба да им биде јасно дека виновници не беа албанците, туку виновници беа тие кои го изготвија Уставот на Република Македонија, каде со Уставот во тоа време, Уставот од 1991 година ги категоризира албанците и другите етнички заедници, посебно албанците ги категоризира како да се дојденци, а не како автотоно население, како да не се во своите домови. Токму донесувањето на еден таков устав, на штета на еден дел од граѓаните на Република Македонија  , а во случајот на штета на албанците, доведе до 2001 година. Овој факт како греба да го кажат албанските политичари пред албанците, така треба да го кажат и македонските политичари, не поради тоа што вие тоа не го знаете, јас сум длабоко убеден дека и Којзеклиска и другите го знаат тоа, но треба да го кажат заради наредните генерации, да ја кажат реалноста зошто дојде до конфликот 2001 година. Ако треба да ги отвориме овие теми, ние сме спремни, пратениците на ДУИ, да расправаме и по оваа тенма.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Алити.

Една минута контра реплика за госпоѓа Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам господине потрептседателе,

Јас не измислувам. Не го знам точниот датум кога тоа беше искажано од генералниот секретар на НАТО, Џорџ Робертсон, колку што ме држи меморијата и немаше само такви квалификации. Покрај терористи имаше и криминалци, разбојници итн. Тоа јас не сум го измислила.

Почитуваните колеги од ДУИ еднаш веќе нека кажат, нека почнат да зборуваат за конфликтот од 2001 година.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има реплика пратеникот Исмет Рамадани.

Повелете господине Рамада ни имате три минути.

**Исмет Рамадани:** Уште еднаш ќе повторам дека госпоѓа Којзеклиска и другите, лично сум очекувал дека на подостоинствен начин ќе дискутираат за оваа информација. И понатаму ја користите приликата да ја злоупотребувате оваа информација до крај,конфликтната ситуација што сме ја имале во 2001 година да ја донесете уште еднаш во Парламентот и да создадете ситуации со кои на ниеден начин не би се согласил. Таму каде што има конфликти трпат луѓато. Навистина, ние имаме ситуација каде во еден конфликт имаат претрпено луѓето и тие денес се инвалиди. Тоа денес се семејства кои во своите куќи имаат инвалиди, тоа се семејства кои ги имаат изгубено своите најблиски.

Јас очекував дека вие госпоѓа Којзеклиска, како госпоѓа, како дама, како жена, оваа работа ќе ја гледате од овој аспект многу повеќе одколку ние другите и ќе ја подржеше оваа информација

односно заклучоците кои се предлагаат во оваа информација затоа што и покрај се конфликтите се случуваат, и вие секако како пратеник можеби сте имале прилика, можеби и не сте имале. Погледајте во Алзас, покраина во Франција. Таа е полна со гробишта, меѓутоа Франција и Германија денес имаат заеднички парадирања и нивната соработка е позната во ЕУ.

Нашата намера е од овој конфликт да излвелечаме поуки. Зошто го направивме тогаш Охридскиот рамковен договор. Ние што сме учествувале директно, непосредно, ние што сме во овој Парламент, за време на конфликтот сме биле во ова Собрание, два дена и две ноќи сме се расправале тие вооружени групи да ги нарекуваме така, вооружени групи. Тоа сме го направиле за да создадеме терен да се направи Охридскиот договор и да се дојде до една ситуација од која треба да се излезе, да не ни се зголемува бројот на жртвите итн. Затоа јас очекував вака и да се дискутира и граѓаните да знаат, бидејќи таму во Договорот пишува двете страни. И доколку имаше жртви и на двете страни и доколку имаше инвалиди и семејства кои настрадаа, треба како држава да се грижиме за нив, да не ги оставиме некој да ги злоупотребува. Значи нема прави ниту поединец, ниту партија, ниту некој друг да се занимава со нив, освен заеднички.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Рамадани.

Повелете госпоѓа Којзеклиска имате една минута контра реплика.

**Марија Којзеклиска:** Господине Рамадани јас очекував од вас, како господин, како човек, достоинствено и со политички дијалог да решат македонците и албанците, всушнст да ги решат т.н. проблеми кои ги имале албанците со претходниот Устав, па не се случи тоа господине Рамадани. Вие сте пратеник во овој состав шетврти мандат, колку што знам. Зошто вие до сега не успеавте тоа со политички дијалог да го решите, а не да се случи војната во 2001 година. Не е ни конфлик, туку војна.

Благодарам.

**Слобдан Најдовски:** Има збор пратеникот Ѓорѓи Трендафилов.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Колку за записникот и дилемите кој како своевремено ги нарекувал милитантите кои пукаа и убиваа во Република Македонија.

На 16 март, албанските екстреминсти отворија оган врз Германскиот контингент на КФОР во Еребик. Тоа е насловот кој повеќето светски агенции го пренесоа тој ден. Во таа прилика, нормално, Германската новинска агенција БТА тогаш побара изјава од тогашнито министер за одбрана на СР Германија, господинот Рудолф Шарпинг. Дозволете да го цитирам неговиот одговор: "Германија нема да дозволи некој да ја влече за нос, особено не албанските терористи". Ова е дадено на 16 март 2001 година.

Сега за предлогот од почитуваните пратеници од редовите на ПДП.

До колку се воздржеа од нивните настапи во собраниската сала, дури човек може и да се замисли за нивниот предлог и навистина да размислува во правец да даде подршка. Но, за жал, и господинот Вејсели со својот настап и особено господинот Рамадани со своите реплики, таквите дилеми, доколку кај некого постоеле, јас верувам дека ги нема, барем веќе ги нема кај мене. Јас не сум сигурен дали господинот Вејсели како предлагач, дали мисли за обештетување на Македонските граѓани кои претрпеле одредени штети, повреди и рани, на пример од последиците од минофрлачкиот напад на 24 март, на Тетово, каде од околните ридови на Тетово се пукаше со минофрлачки оган, исклучиво врз Холдук. Знаеме дека таму живеат исклучиво, или поголемиот дел се Македонци. Десетина граѓани беа ранети од минофрлачкиот оган и десетина граѓани побараа помош во болницата во Тетово. Јас навистина не знам и тоа не е некое оправдување, но јас не знам што тие десетина граѓани во овој период и дали воопшто нешто имаат добиено како оштета од Република Македонија. Или, се цитираа одредибте кога е прекинат, унилатерално е прекинат огнот од страна на вооружените сили на Република Македонија и тогаш се случија киднапирањата на Македонците, тогаш се блокираше патниот правец Тетово-Јажинце, тогаш се случи и Карпаланк, тогаш се случија и Прилепските резервисти, тогаш беа киднапирањата на работниците од Градежното претпријатиа "Маворо". Цело време тогаш преовладуваше една нишка на луѓето кои денес ја претставуваат власта во Република Македонија, дека емоциите не треба да надвладеат над разумот. И доколку ги погледнете изјавите и записниците од разни седници, ќе видите дека актуелниот премиер тоа тогаш постојано го зборуваше, не треба емоциите да надвладеат над разумот, после екој масакар. Не сум сигурен дали се мисли на цивилното население во Тетово, или дали се мисли за некаква оштета, во Предлогот, која граѓаните на Куманово, на пример би требале да ја добијат од страна на државата, а државата од друга страна таа оштета да ја наплати од причинителот на штетата. Тоа нема да се случи. Затоа и не сум изнанаден од негативниот одговор на Владата на Република Македонија. Имено, мотивите се различни. Владата на Република Македонија, почитувани пратеници од ПДП не може да ви даде задоволителен одговор од една едноставна причина, затоа што Владата на Република Македонија не може да најде механизам низ институциите на системот, еден легално изграден објект, тоа е поранешниот Мотел "Бриони" , каде борците за "човекови права", врзаа двајца цивили за столбовите и ги разнесоа заедно со објектот. Тоа не момже да се случи затоа што Владата истовремено, пак, обештети нивни сосед кој случајно ја има вистинската етничка

припадност и му обештети објект кој е изграден бесправно и се наоѓа на државно земјиште. За да би одговорила позитивно Владата на вашето барање, што можеби и би имало некаква смисла, Владата треба да ја има моќта , треба да ја има силата на институциите и капацитетот на институциите на системот, за да го разгледа секој случај и да пристапи кон материјално обештетување на секој кој докажува дека бил жртва во војната од 2001 година. Во Владата нема таков капацитет. Со овој одговор Владата јасно ви кажува дека таа не може, на пример да покрене ниту една кривична постпка за 16-те запалени куќи на Македонци, по Арачиново . Тоа не може да се случи. Истовремено, Владата користејќи ги фондовите на меѓународната помош, селективно ги направи куќите кои беа оштетени во текот на војната во 2001 година, исклучиво или во поглем дел, само на припадниците на малцинската етничка заедница. Во случјов тоа се Албанците. Владата не може да испрати инспекции од Министерството за транспорт и врски да ги види працелите како дворовите на Македонците во Матејче исчезнаа. Нивните соседи Албанци, при реконструкцијата на нивните куќи, едноставно поаѓајќи од еден варварски пристап, се овде до каде ми допира погледот е мое, едноставно ги присвоија и дворовите односно приватната сопственост и на нивните соседи.

Зошто на почетокот реков, до колку се останеше на текстот на пратеничката група на ПДП, можеби и ќе се замислев за што станува збор, но сето тоа го распипаа со нивните говори и обраќања.

Господинот Вејсели пред не полн половина час, при крајот на своето обраќање, мислам дека ќе ве цтирам господине Вејсели, барем приближно, нека знае граѓанинот за што се борел, бидејќи тие граѓани имале идеја. Така од прилика рековте. Мене не ми е јасно какви идеали може да имаат ѕверовите кои го направија масакрато во Вејце, да речеме. Мене не ми е јасно какви идеали може да има, да се пука од минофрлачки оган, од Балтепе и од околните ридови на Тетото, врз Карпалак. Какви се тие луѓе кои свесно одбираа исклучиво цивилни цели. И во едниот и во другиот случај не може да станува збор за никакви идеали и не може да станува збор за никакви обиди, потоа да се пристапи кон тоа, а ќе проговорам после и за тоа дека албанските милитантни групи, сепак ги почтувале обичаите на војнувањето, да речеме. Јас не сум сигурен какво е тоа почитување на обичаите на војувањето кога, да речеме на 4 јули се прогласи унилатерален прекин на огнот. Од 4 јули, еден ваш коалиционен партнер, сега во Парламентарното мнозинство, господинот Андреј Жерновски, тогаш како портпарол на ЛДП, вели, како портпарол на ЛДП го поздравува прекинот на огнот. Оној кој отвора оган врз цивилите и безбедносните сили, отвора оган врз дијалогот и мирот и итој мора да биде уништен. Верувајте, господинот Жерновски, тогаш кога би ја слушале таа изјава, звучи многу нормално и многу пристојно. И вооружените сили на Република Македонија така и се однесуваа, почнувајќи од 4 март кога македонската војска ги изгуби, во 2001 година првите тројца војници. Двајца загинаа во една пресметка со тие "храбри борци за човековите права", на нагазна мина близу Рамно. Таму се наоѓаше еден белгиски контингент кој неколку месеци беше глув и слеп за се што се случува околу него. За среќа, во колоната каде што се наоѓаше и армиското возило, се наоѓаа и неколку возила на ОБСЕ, Словачки дел од персоналот на ОБСЕ. За среча се јави Словак да каже што се се случува таму. Белгијаците ниту видоа, ниту слушнаа нешто. После 30-тина минути од снајперски истрел, непосредно до караулата Танушевци беше убиен припадник на АРМ, од постојниот состав на граничното обезбедување . Но, да се вратиме на 6 јули и на изјавата на господинот Жерновски.

Што се случуваше од 6 јули, по сите правила на војувањето.да речеме кога се доби подемот, и оваа дилема како да сеословуваат, милитанти, терористи или етнички вооружени групи.

Да ве потсетам дека во јули месец, претседателот на САД, господино Буш ја објави својата црна листа. Можеби во Македонија многумина очекувавме дека ЕУ ќе го следи истиот чекор, но за жал тоа не се случи. Актуелниот претседавач на ЕУ, Белгија, преку својот министер за надворешни работи, господинот Луј Мишел, ја критикуваше црната листа објавена од страна на американската администрација и кажа дека ЕУ такво нешто нема да прави. Се разбира, тоа се поклопи со изјавата од 27 јули на господинот Фраансоа Леотар кој прв пат договори дека албанските милитанти треба да преговараат со легалноизбраните институции во Република Македонија. Но, тука немаше апсолутно никаква изјава или дебата од тогашната опозиција. Ниту се јави господинот Жерновски, ниту се јави господинот Бранко Црвенковски. Никој не ја коментираше изјавата на господинот Леотар, освен дел од тогашната власт и се разбира тогашната ВМРО-ДПМНЕ. Но, нешто добро се случи на 27 јуни, во контекст на обештетувањето. Имено, тогаш се одржа Самит на ЕУ, и веќе трагично загинатата министерка за надворешни работи на Шветска, јасно изјави дека ЕУ до сега своите грешки мора на некој начин да ги преиспита, во поглед на нивната политика што ја споредува во регионот на Западен Балкан. Значи, се враќаме на почетокот на идеалите и на обештетувањето. Ниту на едно место во текстот не се зборува за предизвикувачот. Значи сосема е нормално да се зборува за предизвикувачот на тие штети, господине Вејсели, затоа што јас сум убеден дека, како што јас не сакам од мојот џеб да плаќам за вашите проблеми, многумина во Македонија не сакаат да плаќаат за вашите проблеми. Оној што земал оружје и тргнал против легално избраните институции во земјава и оној што пукал врз полицијата и војската и особено оние како што често се случуваше во Тетово да пукаат исклучиво врз цивилно население, во

делови во Тетово каде живеат поголем дел Македонци, верувајте дека не може од Буџетот на Република Македонија да се обештетуваат. Вие ниту во еден момент не ги спомнавте Арачиново, вие ниту во еден момент не спомнавте за неалбанските бегалци, внатрешно раселени лица кои се од Матејче, вие ниту еднаш не ми посочивте, она што јас не го знам, што се случи со оние десетина македонци кои беа повредени во минофрлачкиот оган, од 26-ти, но вие сепак сакате уште еднаш, на бесрамен начин да бркнете со вашата рака во неисцрпното азно кое вие замислувате дека се вика Буџет на Република Македонија.

Од друга страна, бидејќи Владата не функционира како институција и не може да реагира поинаку. Затоа што таа во тој случај ќе треба да одговори на неколку прашања, зошто тоа досега не го направила.

На последната седница на пратенички прашања, јас упатив едно прашање до Министерството за внатрешни работи, колку лица се приведени, колку пријави се процесуирани зад пироманите кои ги палат куќите на Македонците во Арачиново. Најверојатно, тие се во 3445 нерешени случаи кои господинот Зиков ги има во својата фиока, дека се поднесени против непознати сторители. Вие сега очекувате со две страници текст, како што и самите кажавте во едно жестоко недоразбирање во Република Македонија меѓу два етникуми кои мора да се разреши со оружје. А јас да ве прашам вашит колега кој седеше со вас, кој четири години седеше овде, јас не стекнав впечаток дека е нешто посебно репретиран. Ниту во еден момент не му било никакво право нему ускратено. Но, напротив, почнувајќи од независноста на Република Македонија, Македонци од албанско етничко потекло се дел од плуралистичките влади кои се правеле во овој период. Сите нивни заложби биле решавани некогаш прифатени повеќе, некогаш неприфатени во македонската јавност, се решавале во рамките на институциите на системот. Вие го земате примерот Алзас, а потоа во следната реченица велите, но денеска Франција и Германија маршираат заедно.

Да ве потсетам, овде не станува збор за Република Македонија и Република Албанија. Некаде тие маршираат заедно. Со таквиот ред на комуникација вие мене ми велите дека не се чувствувате како граѓани на Република Македонија. Значи на прво место ставатет интереси на друга држава, а не интересите на сопствената држава. Инаку, нешто би ви значело, доколку ви е толку мило да маршираат војници од Република Македонија и војници од Република Албанија, тие маршираат 1999 и 2000-та, маршираа во Пловдив, во Софија, во Констанца во рамки на мултинационалната мировна единица за Југоисточна Европа. Јас не гледам дека тоа нешто што марширале македонските војници и војниците на Република Албанија под нивните национални и воени знамиња заедно дека нешто посебно помогна во Република Македонија. Напротив, вие како што реков веќе досега два пати со вашето обраќање повеќе или помлку ги демаскирате мотивите зошто сте поднеле ваква иницијатива. Се разбира, како припадник на опозицијата, јас верувам дека и вие сте донекаде припадник на опозицијата, доколку сте имале намера, со тоа што Владата ќе одговори негативно на вашата иницијатива. За да покажете дека оваа Влада работи племенски, клановски, мафијашки, да, ја постигнавте целта. Точно ја натеравте Владата да ви потврди дека тие работат како фамилии. Точно се знае Министерството за транспорт и врски што прави, точно се знае Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, што прави и точно се знае што е обврската на другите институции. Само не ми е јасно што прави Министерството за правда и вице премиерот Радмила Шеќеринска, освен оние познати песнички од второ одделение ЕУ, НАТО и поубава и посветла перспектива, од нив ништо друго и не сме слушнале. Значи, тука сум согласен во вашата намера, доколку сте сакале да добиете одговор од Владата дека таа не е во состојба да ги решава проблемите. И веќе кога го имате предвид Алзас, вие треба да имате предвид дека во Алзас живеат многу французи со германски имиња. И никој не ги гледа како граѓани од втор ред. И обратно, живеат многу Германци со француски имиња, како регион кој во минатите три века се покажал како исклучително проблематичен во односите на тие две земји. Но, тоа нема врска со Република Македонија и Република Албанија. Значи, војските на овие две земји се појавуваа на вежбовни активности многу, многу, пред вам да ви текне дека сте загрозени во Република Македонија.

Во поранешната Влада на широката коаллиција, на 12-ти јуни, се формираше Координативното тело за справување со кризи, претседавач одреден период беше и кадар на СДСМ и впрочем, на македонската јавност формирањето на тн. Координативно тело за справување со кризи, ја даде актуелниот претседател на Владата, тогаш од позиција министер за одбрана. Значи и во Министерството за одбрана и во Министерството за внатрешни работи во рамките на пошироките активности кои се преземаа од страна на тоа Координативно тело имаше допис и упатство како да постапуваат правните и физички лица на кои им ме нанесена штета, без оглед дали станува збор за материјалната штета, или станува збор за повреди предизвикани во рамаките на воениот конфликт. И Република Македонија преку своите институции не е предмет сега да тврдам дали тоа беше максимално спроведено, или не беше, но Република Македонија преку капацитетот, толку колку што го имаат институциите, се обиде максимално да излезе во пресрет. Друга е работата што вие не можете да зборувате сега во име, иако зборувате за граѓани на Република Македонија, друга е работата што вие зборувате за граѓани кои претрпеле физички повреди, или изгубиле некој близок во семејството. Затоа што,

македонските вооружени сили не масакрираа, македонските вооручени сили не напаѓаа цивили, македонските вооружени сили не подметнуваа минско експлозивни направи, македонските вооружени сили не пукаа по германскиот контигнент. Македонските вооружени сили не пукаа по полскиот контингент од другата страна на границата. Македонските вооружени сили не пукаа ниту по украинскиот контингент на КВОР од другата страна на границата. Потврда, впрочем за тоа нека ви биде првата изјава од 5-ти март на господинот по чин Маршал, портпарол на американскиот контингент на КВОР во секторот Исток-Запад, дадена за светските медиуми. Дозволете и тоа да го цитирам: "Видовме многу луѓе во црни униформи како преминуваат на Косово. Тие влегуваат во куќите, ги соблекуваат униформите го оставаат оружјето, а потоа поаѓаат на Косово". Оваа изјава дадена во дел овде, каде американскиот контингент во тоа време имаше активности во поглед на набљудување на она што се случува во регионот на Танушевци. Знаете македонската страна во тоа време се обидуваше да направи силен притисок врз КВОР, да го прекине системот на достава и на врски кој се движеше во правец на Мијак и на Дебелве. Исто така, господинот Маршал во неговата изјава вели дека се забележани меѓу 80 и 120 луѓе кој го прават тоа. Значи, какво е ова по сите конвенции правила на војувањето, половина час сме во униформа, половина час се занимаваме со криминал и половина час се занимваме со политички комесаријат за идеолошката исправност на она што го правиме. И во 2005 година вие како пратеник да бидете доведен во една ваква непријатна ситуација, да се обидувате под превезот на граѓаните на Република Македонија на овие, значи тие се луѓе надвор од законот, па макар вие ги нарекле идеалисти или активисти, терористи, милитанти или што сакате да ги наречете, тие тогаш беа надвор од законот. Да не ве потсетувам на изјавата на господинот Рудлоф Шарпинг, кога се отвори оган врз неговите војници. Ако сакате, навистина, да отворите сериозна дебата за обештетувањето на граѓаните на Република Македонија, вие, особено вашиот колега во неговиот четиригодишен мандат како реприциран пратеник во овој Парламент, вие можете да се обратите, пред се до опозиционите пратеници и да се обидете да пронајдете заеднички јазик да се излезе со еден единствен предлог. Но верувам, ќе наидеме на проблем. Заз тоа и вие сте свесни, затоа, појдовните точки ваши и наши се премногу далеку во овој момент. Вашата намера не е да се обештетат граѓаните, затоа и вие не зборувате за неалбанците од Матејче, затоа не зборувате за ранетите цивили во Тетово, затоа не зборувате за водата на која им беше потребна 12 дена на кумановчани, затоа не зборувате за луѓето на кои сеуште им се палат куќите во Арачиново. Вие зборувате во текстот, сте напишале граѓаните на Република Македонија но во вашето вербално бранење на Предлог-законот, вие зборувате за идеали, за кои се бореле. Сфатете дека тие идеали во тоа време, а и сега каков таков во Уставот, не се идеали на Република Македонија. Значи Република Македонија е дефинирана како држава, така како што е дефинирана. Нема над тој закон повисок закон. Така наречениот Охридски договор е договор. Тој е потпишан и завршен. Се дурго од него е дел од Уставот на Република Македонија,така да не може да се воспоставува една адреаналистичка атмосфера, кога некој припадник на албанската малцинска заедница да се додвори не на македонската, туку повеќе на меѓународната јавност, која е застапена преку нејзини претставници овде, тогаш тој зборува и тоа веќе напамет го знаеме. Зборува за Охридскиот рамковен договор, за ЕУ, НАТО, и се облекува себе си во американско знаме во знаме на ЕУ, во знаме на НАТО, во знаме на Република Албанија. Но, понекогаш се истакнува и знамето на Република Македонија, па потоа читаме во печатот три дена како еве нешто сеереместува, затоа што овие видете колку се фини и сега решија и ни го уважуваат знамето. Иако мене, дали вие ќе го употребувате тоа знаме, или не, апсолутно ми е небитно, затоа што вие не сте реперот по кој јас се повелувам дали знамето на Република Македонија е почитувано, или не е почитувано.

Значи господа, почитувани пратеници од ПДП, вие не се обидовте да воспоставите комуникација со останатите пратенички групи, пред се од опозицијата, затоа што верувам дека и вие припаѓате на опозицијата и навистина, да ги погледнеме овие проблеми. Можеби јас како информација го немам, го имате вие, дека оние десетина Македонци кои беа повредени во минофрлачкиот напад 2001 година, не успеале да ги остварат до крај своите права. Значи државата не успеала да ги обештети. Не ние тогаш таа оштета не можеме да ја бараме од Буџетот на Република Македонија.Таа ќе ја бараме можеби од Фондот на фронтот за национално обединување и ослободување на Албанците. Тоа не може да биде барано од буџетот на Република Македонија. Впрочем, господата кои ги контролираат фондовите, за кои се разбира, не постои фискална сметка, инаку кога беше за црните листи, беше најавата дека ќе бидат замрзнати и сметките. Таму се парите, таму треба да ги барате. Впрочем, многу повеќе од мене знаете што се случува и сега на 6-7 километри од главниот град. Јас верувам дека ПДП како политичка партија не е замешана. Досега таму и би било паметно овој пат, да останете на страна од тоа, затоа што ако во едно се согласувам со вашата намера, тоа е да го добиете овој одговор од Владата и таа самата себе си да се легитимира, дека ова не е Влада на Република Македонија, дека оваа Влада не работи во интерес на граѓаните на Република Македонија, дека оваа Влада не работи ниту во интерес на македонскиот народ, на припадниците на малцинските заедници. Оваа Влада работи во интерес на нејзините криминални олигархии кои

стојат и кои треба да заработат. Можеби, како еден последен обид да не се разделиме денеска од оваа седница со лоши мисли, пратеничката група на ПДП да го повлече овој предлог и да се обиде како Парламентарна група и вие, особено господинот Рамадани како пратеник со поголемо професионално искуство овде во Собранието, да обезбеди политичка поддршка во Собранието од другите пратенички групи. Појдовна точка нека биде можеби идното договарање во поглед на овој закон, тоа дека ја делегитимиравте власта што успеа да ви објасни во една страница дека таа такво нешто не може да прифати, затоа што и таа нема капацитет да го прифати.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Трендафилов. Не сакав да ве прекинувам во текот на дискусијата за квалификациите кои ги изнесувавте по однос на Владата. Вие можете да си имате свое мислење и тоа да го кажувате, но во ниеден момент не можете да кажете дека оваа Влада не е Владата на Република Македонија. Напротив, тоа е Влдата на Република Македонија, а за тоа како работи и што работи, поднесете си интерпелација, можете се да кажувате.

Овде ја прекинувам седницата, дополнително ќе бидете известени за продолжението на седницата.

Ви благодарам.

(Седницата прекина со работа во 18,00 часот)